Република Северна Македонија

Министерство за труд и социјална политика

**Годишен извештај**
**за преземените активности и постигнатиот напредок во воспоставувањето еднакви можности на жените и мажите во Република Северна Македонија во 2021 година**

јуни

2022 година

СОДРЖИНА


1. Вовед и приоритети на Владата на Република Северна Македонија во областа на еднаквите можности
2. Анализа на состојбата и реализирани активности во областа на еднаквите можности на жените и мажите, на национално и на локално ниво, во Република Северна Македонија, за 2021 година, по клучни области, според последните официјални податоци

2.1 Економијата и пазарот на труд

2.2 Земјоделството и жените во руралните средини

2.3 Заштитата на животната средина и борбата со климатските промени

2.4 Политиката и носењето одлуки

2.5 Здравство

2.6 Образованието и науката

2.7 Жените, мирот и безбедноста

2.8 Социјална заштита

2.9 Пристапот до правда

2.10 Медиуми

2.11 Спорт

2.12 Култура

2.13 Родовобазираното насилство

2.14 Трговијата со луѓе

2.15 Родовоодговорното буџетирање

2.16 Пристапот до правда

2.16.1 Механизми на заштита

3. Развој на родовата еднаквост на локално ниво

4. Заклучоци и препораки

Анекс-листа на ОДУ и на ЕЛС кои доставиле годишни извештаи за 2021 година до Министерството за труд и социјална политика

## Листа на кратенки

АППРСМ- АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ГИЗ – ГЕРМАНСКО ДРУШТВО ЗА ИНТЕРНАЦИОНАЛНА СОРАБОТКА

ГМП – ГАРАНТИРАНА МИНИМАЛНА ПОМОШ

ДЗС- ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

ЕЛС – ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ЖМБ- ЖЕНИ МИР И БЕЗБЕДНОСТ

ЖТ – ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА

ЗЕМЖМ- ЗАКОН ЗА ЕДНАКВОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

ИОМ – МЕЃУНАРДОНА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА МИГРАЦИЈА

ИПА – ИНСТРУМЕНТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ

КЕМ- КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

КИП- ПРОГРАМА ЗА КОНКУРЕНТНОСТ, ИНОВАЦИИ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО

КСЗД – КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

МВР- МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

МЗ – МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

МЗШВ-МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

МТСП- МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

НАП- НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН

НМУ – НАЦИОНАЛНИ МЕХАНИЗМИ НА УПРАВУВАЊЕ

ОДУ – ОРГАНИ НА ДРЖАВНА УПРАВА

ПЖТЛ – ПОТЕНЦИЈАЛНИ ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

ПИОМ- ФОНД ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ

РБН- РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО

РОБ – РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ

РСМ- РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

СЗО- СВЕТСКА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА

СЕ – СОВЕТ НА ЕВРОПА

СН- СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

ТСЛ- ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

УНДП – ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

УНФПА- ФОНД ЗА НАСЕЛЕНИЕ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

УЈП – УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ФЗОРСМ- ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## 1. Вовед и приоритети на Владата на Република Северна Македонија во областа на еднаквите можности

Овој годишен извештај е подготвен и се доставува во согласност со член 12, став 1, алинеја 14, од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ 201/2015).

Воведувањето на концептот за родова еднаквост на жените и мажите во сите институции и унапредувањето на родовата еднаквост претставуваат врвни приоритети на Владата на РСМ и за 2021 година, имајќи предвид дека родовата еднаквост е еден од клучните аспекти за просперитетот на целото општество и обврска за државата која произлегува од Агендата за одржлив развој 2020 – 2030.

Република Северна Македонија има широка правна рамка за промовирање и воспоставување еднакви можности на жените и мажите која овозможува унапредување на положбата на жената во сите сфери на општественото живеење.

Во текот на 2021 година, подготвена е Стратегија за родова еднаквост 2022 – 2027, врз чија основа се подготвува Национален акциски план за родова еднаквост 2022 – 2024 година. Со изработката на оваа стратегија, Република Северна Македонија продолжува посветено да ги спроведува обврските преземени со ратификацијата и пристапувањето кон меѓународните конвенции и договори во областа на човековите права и слободи, во насока на унапредувањето на родовата еднаквост.

За спроведувањето на политиката, како на локално ниво така и на национално ниво, воспоставени се институционални механизми кои, како надлежни субјекти, се одговорни за преземање активности во својот ресор, со кои се унапредуваат и се промовираат еднаквите можности на жените и мажите.

Неспорно е влијанието на пандемијата од ковид-19 во сите сфери на општественото живеење во светски рамки, како во секојдневните социоопштествени потреби на поединците така и на колективно ниво. Аналогно на наведеното, пандемијата влијаеше на одржувањето и спроведувањето на активностите поврзани со родовата еднаквост, но сепак треба да се истакне дека сите <u>општествени двигатели</u>, односно органи на државната самоуправа, како и единиците на локалната самоуправа во општините, направија значителни напори во насока на остварувањето на родовата еднаквост и на еднаквите можности на мажите и жените во македонското општество.

Преку разновидни панел-активности, проекти, акциски планови и стратегии, сите овие чинители директно влијаеја на промоцијата на родовата еднаквост. Во овој контекст, значајно е да се посочат отворањето и промоцијата на Ресурсниот центар за родовоодговорно креирање политики и буџетирање, како дел од Министерството за труд и социјална политика, поддржан од ОН Жени (UN Women) во рамките на проектот „Промовирање на родовоодговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“. Ресурсниот центар се користи како алатка за градење на капацитетите на јавната администрција за унапредување на родовата еднаквост и за промоција на еднакви можности.

По успешното вклучување на родовата перспектива како важен елемент во процесот на стратегиското планирање од страна на Генералниот секретаријат при Владата, а по препорака од Министерството за труд и социјална политика, еднаквите можности како и родовоодговорното буџетирање се неизоставен сегмент во работата на единиците на локалната самоуправа, како и на органите на државната управа. Почитувањето и имплементацијата на елементите на родовата еднаквост, родовоодговорното буџетирање и еднаквите можности може да се увидат преку годишните извештаи кои единиците на локалната самоуправа и органите на државната управа ги доставуваат до Министерството за труд и социјална политика.

Овој годишен извештај, од методолошки аспект, е подготвен врз основа на добиените информации од органите на државната управа, доставените годишни извештаи од единиците на локалната самоуправа и органите на државната управа, до Министерството за труд и социјална политика, во согласност со обврската која произлегува од Законот за еднакви можности на жените и мажите, во форма предвидена во подзаконските акти за доставување годишни извештаи.

По законската обврска да достават годишен извештај за воспоставувањето еднакви можности на жените и мажите, постапиле вкупно 66 ЕЛС и 41 орган на државната управа (Анекс-листа на ЕЛС и ОДУ кои доставиле извештаи).

Треба да се истакне дека, во текот на 2021 година, во согласност со Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година, спроведена е ревизија на успешност, на тема „Ефективност на мерките на Владата на Република Северна Македонија за родова еднаквост и соодветни родови буџетски иницијативи“, со цел да се даде одговор на прашањето: „Дали активностите кои се преземаат од надлежните институции на централно ниво обезбедуваат услови за унапредување на родовата еднаквост?“ Ревизијата на успешност има цел да помогне, во иднина, сите надлежни институции да се фокусираат на исполнувањето на поставените постулати за подобрување на состојбите во областа на родовата еднаквост во РСМ. Извештајот ќе бида објавен во текот на 2022 година.

## 2. Анализа на состојбата и реализирани активности во областа на еднаквите можности на жените и мажите, на национално и на локално ниво, во Република Северна Македонија, за 2021 година, по клучни области, според последните официјални податоци

По пописот на населението во 2021 година, Државниот завод за статистика ги објави демографските податоци и други информации поврзани со населението во Република Северна Македонија. Вкупниот број на попишано население изнесува 2.097.319 лица. Вкупниот број на резидентно население изнесува 1.836.713 лица. Вкупниот број на нерезидентно население, во кое спаѓаат државјаните на Република Северна Македонија кои престојуваат во странство повеќе од 12 месеци и странците привремено присутни во Република Северна Македонија помалку од 12 месеци, изнесува 260.606 лица опфатени по пописот. Во рамките на вкупно попишаното резидентно население во Република Северна Македонија, 58,44 % од населението се изјасниле како Македонци, 24,30 % како Албанци, 3,86 % како Турци, 2,53 % како Роми, 0,47 % како Власи, 1,30 % како Срби и 0,87 % како Бошњаци. Во рамките на вкупнниот број резидентно население во Република Северна Македонија, 50,4 % се жени, а 49,6 % се мажи.

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2021 година, активното население во Република Северна Македонија изнесува 943.004 лица, од кои 795.087 лица се вработени, а 147.917 лица се невработени. Стапката на активност во овој период изнесува 56,0 %, стапката на вработеност 47,2 %, додека стапката на невработеност изнесува 15,7 %.[1]

| | Вкупно работоспособно население Total working age population | Активно население Labour force | | | Стапка на активност Activity rate | Стапка на вработеност Employment rate | Стапка на невработеност Unemployment rate |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | вкупно Total | вработени Employed | невработени Unemployed | | | |
| 2020 | 1.685.589 | 950.858 | 794.909 | 155.949 | 56,4 | 47,2 | 16,4 |
| 2021/I | 1.685.564 | 943.964 | 793.121 | 150.843 | 56,0 | 47,1 | 16,0 |
| 2021/II | 1.681.862 | 945.412 | 795.271 | 150.141 | 56,2 | 47,3 | 15,9 |

[1] https://www.stat.gov.mk/pdf/2022/2.1.22.05_mk.pdf

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2021/III | 1.681.911 | 945.158 | 796.681 | 148.477 | 56,2 | 47,4 | 15,7 |
| 2021/IV | 1.681.863 | 937.482 | 795.276 | 142 206 | 55,7 | 47,3 | 15,2 |
| 2021 | 1.682.800 | 943.004 | 795.087 | 147.917 | 56,0 | 47,2 | 15,7 |

Според Глобалниот извештај за родовиот јаз во 2021 година, земјата е рангирана на 73-то место од вкупно 156 земји (со индекс 0,715).[2]

## 2.1. Економијата и пазарот на труд

Стапките на вработеност на мажите и жените во Република Северна Македонија покажуваат бавен, нестабилен раст во последната деценија, но родовиот јаз во вработеноста е постојано висок. Социоекономската нееднаквост меѓу мажите и жените, исто така, може да биде препозната и преку вертикална и хоризонтална родово базирана изолираност на пазарот на трудот. Мажите сочинуваат 100 % од бројот на извршни директори и 75 % од бројот на раководните лица во јавнообјавените компании во РСМ (ЕИРЕ 2020). Општо земено, мажите сочинуваат 73,3 % од вкупниот број работодавци и 78 % од бројот на самовработени лица, додека жените доминираат само во категоријата неплатени семејни работници (ДЗС 2020). При хоризонтална анализа на нееднаквостите, професионалната сегрегација сугерира дека жените се прекумерно застапени во несигурните, слабоплатените индустрии какви што се текстилната, кожарската и конфекциската, каде што 80 % од вработените се жени. Според официјалната статистика, 51,9 % од неактивното женско население (на возраст од 15 до 64 години) не бара вработување поради семејни обврски/грижа за семејството. Од неактивното женско население на работоспособна возраст, во официјалната државна статистика, 55 % се регистрирани како „домаќинки“ − категорија што упорно и стопроцентно ги опфаќа жените (ДЗС 2020). Во просек, жените во РСМ извршуваат 72,5 % од вкупната неплатена работа поврзана со грижа, додека придонесот на мажите одвај надминува една четвртина од вкупниот обем на неплатената работа. На дневна основа, во споредба со мажите, жените трошат 18-пати повеќе време за миење садови, 12-пати повеќе време за чистење, 9-пати повеќе време за готвење и 3-пати повеќе време за грижа околу децата (ДЗС).

Кога станува збор за економијата, како и за пазарот на труд во Република Северна Македонија, за 2020 година, како и за 2021 година, Државниот завод за статистика направи компаративна анализа на работоспособното население според економската активност, по возрасни групи и по пол, во Република Северна Македонија.

**Т-03: Работоспособно население според економската активност, по возрасни групи и по пол[3]**

| Возраст/Age | Вкупно/Total | | Работна сила Labour force | | Вработени Employed | | Невработени Unemployed | | Неактивно население Inactive population | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2020 | 2021 | 2020 | 2021 | 2020 | 2021 | 2020 | 2021 | 2020 | 2021 |
| **Вкупно/Total** | | | | | | | | | | |

[2] https://www3.weforum.org/docs/WEF_GGGR_2021.pdf

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно/ Total** | 1.685.589 | 1.682.800 | 950.858 | 943.004 | 794.909 | 795.087 | 155.949 | 147.917 | 734 731 | 739 796 |
| 15 – 24 | 245.699 | 239.756 | 75.808 | 67.398 | 48.766 | 42.894 | 27.042 | 24.504 | 169 891 | 172 358 |
| 25 – 49 | 777.871 | 776.114 | 620.691 | 622.384 | 522.329 | 528.782 | 98.362 | 93.602 | 157 181 | 153 729 |
| 50 – 64 | 410.828 | 410.340 | 243.439 | 243.722 | 212.894 | 214.004 | 30.545 | 29.717 | 167 389 | 166 618 |
| 65 години и повеќе 65 years and over | 251.190 | 256.590 | 10.920 | 9.500 | 10.920 | 9.406 | / | / | 240 270 | 247 090 |
| 15 – 29 | 397.322 | 387.448 | 189.179 | 178.897 | 133.206 | 129.481 | 55.973 | 49.416 | 208 143 | 208 550 |
| 15 – 64 | 1.434.398 | 1.426.210 | 939.938 | 933.504 | 783.989 | 785.681 | 155.949 | 147.823 | 494 461 | 492 706 |
| 20 – 64 | 1.317.982 | 1.312.380 | 929.569 | 925.033 | 778.463 | 781.312 | 151.106 | 143.721 | 388 413 | 387 346 |
| **Мажи/Men** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно/ Total** | 843.707 | 841.824 | 566.178 | 565.825 | 471.564 | 472.945 | 94.614 | 92.880 | 277.529 | 275.998 |
| 15 – 24 | 126.752 | 123.568 | 48.143 | 42.795 | 31.767 | 28.464 | 16.375 | 14.332 | 78.609 | 80.773 |
| 25 – 49 | 397.285 | 396.601 | 355.215 | 358.915 | 298.077 | 301.821 | 57.138 | 57.094 | 42.070 | 37.686 |
| 50-64 | 204.676 | 204.154 | 155.351 | 157.092 | 134.251 | 135.731 | 21.100 | 21.361 | 49.325 | 47.062 |
| 65 години и повеќе 65 years and over | 114.994 | 117.501 | 7.469 | 7.023 | 7.469 | 6.929 | / | / | 107.525 | 110.477 |
| 15 – 29 | 204.486 | 199.367 | 111.559 | 105.872 | 80.298 | 77.652 | 31.261 | 28.220 | 92.927 | 93.495 |
| 15 – 64 | 728.713 | 724.323 | 558.709 | 558.802 | 464.095 | 466.016 | 94.613 | 92.787 | 170.004 | 165.521 |
| 20 – 64 | 668.698 | 665.714 | 551.854 | 553.581 | 460.407 | 462.893 | 91.447 | 90.688 | 116.844 | 112.133 |
| **Жени/Women** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно/ Total** | 841.881 | 840.977 | 384.680 | 377.179 | 323.344 | 322.142 | 61.335 | 55.036 | 457.201 | 463.798 |
| 15 – 24 | 118.946 | 116.188 | 27.665 | 24.603 | 16.998 | 14.431 | 10.666 | 10.172 | 91.282 | 91.585 |
| 25 – 49 | 380.586 | 379.513 | 265.476 | 263.469 | 224.252 | 226.961 | 41.224 | 36.508 | 115.111 | 116.044 |
| 50 – 64 | 206.152 | 206.186 | 88.088 | 86.630 | 78.643 | 78.273 | 9.445 | 8.356 | 118.064 | 119.557 |
| 65 години и повеќе 65 years and over | 136.196 | 139.089 | (3.451) | (2.477) | (3.451) | (2.477) | / | / | 132.745 | 136.613 |
| 15 – 29 | 192.836 | 188.081 | 77.620 | 73.026 | 52.908 | 51.829 | 24.711 | 21.196 | 115.216 | 115.055 |
| 15 – 64 | 705.684 | 701.887 | 381.229 | 374.702 | 319.893 | 319.666 | 61.335 | 55.036 | 324.457 | 327.185 |
| 20 – 64 | 649.284 | 646.665 | 377.715 | 371.452 | 318.057 | 318.419 | 59.659 | 53.034 | 271.569 | 275.213[4] |

Според резултатите добиени од анкетата за работна сила во 2021 година, Државниот завод за статистика, исто така, дава информации за населението на територијата на Република

[2] https://www.stat.gov.mk/pdf/2022/2.1.22.05_mk.pdf

Северна Македонија, на возраст од и над 15 години и се карактеризира според економската активност и полот.

**Население на возраст од и над 15 години според економската активност и полот**[5]

| | 2020 | 2021 | | 2021<br>-------<br>2020 | |
|---|---|---|---|---|---|
| | лица<br>persons | лица<br>persons | структура по пол<br>structure by gender | | |
| **Активно население** | | | | | **Labour force** |
| **Вкупно** | 950.858 | 943 004 | 1 | **99,2** | **Total** |
| Мажи | 566.178 | 565 825 | | **99,9** | Men |
| Жени | 384.680 | 377 179 | | **98,1** | Women |
| **Вработени** | | | | | **Employed** |
| **Вкупно** | 794.909 | 795.087 | 1 | **100,0** | **Total** |
| Мажи | 471.564 | 472.945 | | **100,3** | Men |
| Жени | 323.344 | 322.142 | | **99,6** | Women |
| **Невработени** | | | | | **Unemployed** |
| **Вкупно** | 155.949 | 147.917 | 1 | **94,8** | **Total** |
| Мажи | 94.614 | 92.880 | | **98,2** | Men |
| Жени | 61.335 | 55.036 | | **89,7** | Women |
| **Неактивно население** | | | | | **Inactive population** |
| **Вкупно** | 734.731 | 739.796 | 1 | **100,7** | **Total** |
| Мажи | 277.529 | 275.998 | | **99,4** | Men |
| Жени | 457.201 | 463.798 | | **101,4** | Women |

**Министерството за труд и социјална политика, заедно со Агенцијата за вработување на РСМ**, и покрај големиот предизвик во реализацијата на Оперативниот план за 2021 година, поради светската пандемија од ковид-19, во чиј знак помина и цела 2021 година, постигна високи 94,6 % реализирани мерки, со кои се опфатени 11.292 невработени лица. Овој висок степен на реализација се должи на посветеноста на сите институции кои учествуваа во имплементацијата на планираните активности во рамките на секоја програма и мерка. Притоа, беа реализирани 1,5 милијарди денари, од кои 593 милиони денари беа наменети за поддршка за креирање нови работни места.

[5] https://www.stat.gov.mk/pdf/2022/2.1.22.05_mk.pdf

Најголема искористеност оваа година се забележа кај обуките за развој на дигитални вештини во кои беа вклучени 400 невработени лица и мерката бележи 100 % реализација. Притоа, 195 лица се жени или 49 % од вклучените лица во овие обуки. На овој начин, невработените лица станаа поконкурентни и добија вештини кои во моментов се најбарани на пазарот на трудот. Максимална искористеност регистрираше и обуката за возачи за Ц и Д категорија, во која беа вклучени 50 лица. Република Северна Македонија е првата земја која не е членка на Европската Унија, а успешно го имплементира проектот „Гаранција за млади“ веќе четири години по ред, проект во чиј фокус се ставени млади, невработени лица до 29 години. Резултатите од спроведувањето на проектот „Гаранција за млади“, во периодот од 1.1.2021 година до 31.12.2021 година, опфаќаат 19.298 вклучени млади невработени лица, од кои 14.428 (74,8 %) се жени.

Со Оперативниот план на активни програми и мерки беа пилотирани група нови мерки кои, во рамките на Програмата „Економија на грижа“, на жените им даваат можност да се обучат, да работат и истовремено да учествуваат во испорачување на социјални услуги.

**Министерството за труд и социјална политика, заедно со Агенцијата за вработување на РСМ,** преку дел од мерките, каква што е „поддршката за креирање нови работни места“, склучи 1.610 договори со правни субјекти, реализираниот опфат на невработени лица за 2021 година изнесува 2.194 лица, додека во 2020 година, реализираниот опфат изнесувал 2.446 невработени лица.

Во 2021 година, 46 % претставуваат жени корисннички на оваа мерка, додека, во 2020 година, 49 % се жени, што укажува дека има намалување од 3 % на бројот на корисннички на оваа мерка. Според структурата на образованието на невработените лица, кои се вработиле со оваа мерка, најголемиот број невработени лица завршиле средно и основно образование.

Најзастапени се невработени жени, млади лица до 29 години, лица на возраст над 50 години, лица со незавршено средно или пониско образование, родители со 3 или повеќе деца.

Планираниот износ на средства за 2021 година, за мерката „Поддршка за креирање на работни места“, изнесува 756.841.580 денари, додека реализираните средства, заклучно со 31 декември 2021 година, изнесуваат 592.684.793 денари, или степенот на реализацијата изнесува 78,3 %.

Со мерката „Поддршка за создавање нови работни места преку отворање на нови правни субјекти – здруженија на граѓани кои ќе обезбедуваат услуги за грижа во заедницата“, ќе се отворат можности, преку „Економија на грижа“, за воспоставување и унапредување на социјалните сервиси на локално ниво.

**Министерството за економија** ги вклучи еднаквите можности, како и родовоодговорното буџетирање, во Стратегијата за женско претприемаштво чие време за реализација го опфаќа периодот 2019 – 2023 година. Исто така, изработи Стратегиски план за периодот од 2022 до 2024 година, кој овозможува реализација на цели и активности за развиена функционална економија која ќе продуцира нови работни места, поголема ефикасност, продуктивност и конкурентност на компаниите, зголемување на извозот и пораст на инвестициите, повисок животен стандард и подобар живот за сите граѓани на Република Северна Македонија.

Во оваа насока, спроведени се посебни охрабрувачки мерки за поттикнување на женското претпиемаштво и стимулативни критериуми за зголемена активност на жените на пазарот на труд, преку мерките од КИП-програмата на Министерството.

Со Програмата КИП 2021, Дел А. Поддршка на микро-, мали и средни претпријатија и занаетчиство, кофинансирани се трошоци по разни основи, на вкупно 232 апликанти (претпријатија/занаетчии), од кои 74 (31,9 %) се во сопственост и управувани од жени.

Во Програмата, а следствено на тоа и во јавните повици за подмерките 1.1 и 3.1, беше наведено дека ќе се применува стимулативен критериум за апликантите претпријатија кои се

наоѓаат во сопственост на жени над 50 % и кои се управувани од жени, според кои процентот на кофинансирање на докажаните трошоци ќе се зголеми за 10 %.

Со реализација на Подмерка 1.1. Финансиска поддршка на микро-, мали и средни претпријатија, субвенционирано е 101 претпријатие. Од вкупниот број субвенционирани апликанти, четири (4) (3,96 %) се претпријатија во сопственост и управувани од жени.

Со реализација на Подмерката 1.2. Финансиска поддршка за женско претприемаштво, субвенционирани се 27 претпријатија во сопственост на жени и управувани од нив.

Со реализација на Подмерката 1.4. Субвенционирање на трошоци за занаетчии, субвенционирани се 89 апликанти, од кои 41, или 46 %, се жени.

Со реализација на Подмерката 2.2. Финансиска поддршка на сертифицирање на ХАХАЛ-системот, субвенционирани се 11 апликанти, од кои ниту еден апликант не претставува претпријатие во сопственост и управувано од жена.

Со реализација на Подмерката 3.1. Кофинансирање на дел од трошоциите на претпријатијата за купување опрема, инструменти и алат, кои ќе послужат и ќе се користат исклучиво за обука, настава за лица за стекнување вештини и квалификации, субвенционирани се 4 апликанти, од кои 2 (50 %) се претпријатија во сопственост и управувани од жени.

Реализирани активности

- Подмерка 1.2. Финансиска поддршка за женско претприемаштво;
- При реализација на подмерките 1.1 и 3.1, беше применет стимулативен критериум за апликантите претпријатија кои се во сопственост на жени над 50 % и управувани од жени, според кои процентот на кофинансирање на докажаните трошоци се зголеми за 10 %;
- Индикатори за мерење успешност;
- Водење на родоворазделени податоци во однос на бројот на одобрени апликации за горенаведените мерки и подмерки од Програмата КИП за 2021 година;
- Потрошени средства за реализирани активности од областа на родовата рамноправност и извор на средства;
- Обезбедени финансиски средства за Подмерката 1.2. Финансиска поддршка за женско претприемаштво, во износ од 4.000.000.00 денари, наменети за претпријатија во сопственост или управувани од жени.

**Агенцијата за претприемаштво**, во 2021 година, одвои средства за реализирани активности наменети за жени, во износ од 10.623.110,00 денари, и тоа:

- Од вкупно 1.747 бизнис-планови, изработени од страна на овластените советници за кандидатите во Програмата за самовработување, 814 бизнис-планови се изработени за жени, што претставува 47 % учество на жените во оваа програмска активност. Потрошените средства за жени изнесуваат 9.116.800,00 денари;
- Во ваучерскиот систем на советување, од вкупно реализирани 48 ваучери, 38 ваучери се наменети за мажи, а 10 за жени, или се забележани 21 % учество на жените во оваа програмска активност. Потрошените средства изнесуваат 185.832,00 денари;
- Во однос на обуките за женско претприемаштво, реализирани се 2 обуки за 41 жена и потрошени се вкупно 139.000,00 денари;
- Во рамките на програмската активност за стандардизирани менторски услуги, потрошените средства за менторирање на 13 претпријатија изнесуваат 485.000,00 денари;

- Обуки за подготовка на бизнис-план – 142.600,00 денари;
- Обуки за претприемачко образование – 127.300,00 денари;
- Обуки за локални консултанти – 102.060,00 денари;
- Обуки за наставници/професори кои го предаваат предметот претприемаштво и бизнис – 182.400,00 денари;
- Обуки за зголемување на конкурентноста на МСП – 66.500,00 денари;
- Обуки за промоција на социјалното претприемаштво – 76.450,00 денари.

**Предизвици:**

- **Борба со негативните ефекти и последиците за пазарот на труд и вработеноста, предизвикани од пандемијата од ковид-19;**
- **Висока стапка на невработеност и неактивност на женското население;**
- **Родовиот јаз во платите;**
- **Секторска и хиерархиска сегрегација на работните места.**

2.2 Земјоделството и жените во руралните средини

Во 2021 година, 28,52 % од имотите во Република Северна Македонија им припаѓаат на жени, додека 71,48 % им припаѓаат на мажи. Состојбата во руралните области покажува дека многу мал процент од жените се носители на сопственички права, и тоа 4,07 % од жените се сопственици на имот, наспроти 95,9 % кај мажите, кај 21,96 %, нивните родители се сопственици на имотот. Во однос на сопственииштвото на земјиштето, 12,01 % од жените се сопственици на земјиштето, а 87,99 % од мажите се сопственици на земјиштето. Податокот дека 90,35 % од мажите донесуваат одлуки за активностите поврзани со земјиштето, наспроти 9,65 % од жените, претставува доволен факт дека треба да се работи уште многу на полето на родовата еднаквост во руралните средини. 50 % од жените кои се сопственици на земјиште, не се активни во процесот на донесувањето одлуки за активностите поврзани со земјиштето.

Ваквата практика повеќекратно влијае врз родовата еднаквост. Прво, жените немаат право на приходот од имотот, на пример, од издавање на имот, а им се оневозможува и пристап до финансирање за деловна активност/бизнис, со оглед на тоа што немаат имот на сопствено име што можат да го користат како хипотека.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе мерка, односно Програма за финансиска поддршка во руралниот развој, во вредност од 150.000.000 денари. Земјоделките и земјоделците во Република Северна Македонија се соочуваат со голем број предизвици што посебно се одразува со негативни импликации врз жените во руралните средини, а тоа се: социјална исклученост, невработеност, родова дискриминација, нееднаква распределба на приходите и ресурсите, доминација на традиционалните норми, лишување од сопственост над земјоделско земјиште и имот, лишување од правото на платено родителско отсуство, ограничени пристапи и понуда на образование, информации, здравствена заштита, на јавни и социјални услуги. Ваквите услови ги принудуваат руралните жени на живот во поголема сиромаштија и ја поттикнуваат миграцијата.

Еден од најсуштествените проблеми со кои се соочува оваа категорија на население кое доаѓа од руралните средини е проблемот поврзан со дискриминацијата на регистрираните индивидуални земјоделци(ки) во делот на остварувањето на правото за користење платено родителско отсуство и боледување, односно нивното лишување од ова право, како и на правото на привремена спреченост за работа поради болест и повреда (колоквијално попознато како боледување). Во овој контекст, формирана е работна група составена од претставници од Министерството за труд и социјална политика (МТСП),

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (МЗШВ), Министерството за здравство (МЗ), Фондот за здравствено осигурување на РСМ (ФЗОРСМ), Управата за јавни приходи (УЈП), Фондот за пензиско и инвалидско осигурување (ПИОМ), Агенцијата за финансиска поддршка за земјоделството и руралниот развој, како и претставници од Националната федерација на фармери, која посветено работи на изнаоѓање правен механизам за остварување на платено родителско отсуство и боледување на регистрираните земјоделки и земјоделци.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, преку Програмата за користење на средства од Европската Унија и Инструментот за претпристапна помош за земјоделство и рурален развој – кофинасирање, направи родова дистинкција помеѓу барателите во една од мерките. Тоа е мерката „Инвестиции во земјоделски стопанства за нивно реструктурирање и достигнување на стандардите на заедницата“ од Програмата ИПАРД I 2007 – 2013. Родовата дистинкција се прави во корист на апликантите жени, и тоа: доколку апликантот е жена, се добиваат повеќе бодови при одообрувањето на барањето. Во Програмата ИПАРД II 2014 – 2020, приоритет му се дава на апликантот жена и на млади земјоделци на возраст од 18 до 40 години. При изборот на проекти, приоритет им се дава на проекти предложени од жени.

Висока е негативната перцепција на жените кога станува збор за пристапот до кредити, при што 58,6 % од жените сметаат дека се неподобни за кредитите што ги нудат штедилниците, во однос на банките 47,6 % од жените се сметаат себеси за неподобни за земање кредити, кај Македонската банка за обнова и развој, 67,9 % од жените се сметаат себеси за неподобни за земање кредити, додека кај ИПАРД-Програмата за рурален развој, 61,85 % од жените се сметаат себеси за неподобни за овие програми.

Како позитивен пример може да се посочи случајот кога жената е одговорна за водење евиденција или сметководство на фармата, тогаш таа има значително зајакната улога и јазот на родовата нееднаквост е многу помал. Овие инструменти имаат цел:

- Да им се обезбеди на жените во руралните средини да имаат пристап до различни видови пензии и надоместоци за соодветен животен стандард и да им се обезбеди директна корист од програмите за социјална заштита на својата територија;
- Да се усвојат мерките за регистрирање и препознавање на работата на жените во руралните средини и да се направат одредби за признавање на нивните права за социјални бенефиции, вклучувајќи ги боледувањето, родителското отсуство, пензиите и други надоместоци за социјална заштита;
- Да им се обезбеди на жените во руралните средини да имаат пристап до субвенции и мерки за поддршка на руралниот развој до највисок можен степен;
- Да се усвојат мерки за да им се обезбеди на жените во руралните средини да бидат застапени во процесите на донесувањето одлуки на сите нивоа во земјоделскиот сектор, вклучувајќи ја и политиката за намалување на ризикот од катастрофи, управување со штетите од катастрофите и климатските промени.

**Предизвици**

- **Ниска стапка на сопственишство на жените над земја и друг имот;**
- **Жените не се вклучени во донесувањето одлуки за земјоделската активност во домаќинството;**
- **Недоволна мотивација кај младите да се ангажираат во земјоделството и да останат во руралните средини;**
- **Низок број на апликации поднесени од жени за програмите за финансиска поддршка во земјоделството;**

- **Немање право на користење платено родителско отсуство и боледување за регистрираните земјоделки.**

2.3. Заштитата на животната средина и борбата со климатските промени

Кон спроведувањето и исполнувањето на колективните институционални обврски во рамките на родовоодговорното буџетирање, Министерството за животна средина и просторно планирање донесе и изготви Програма за инвестирање во животната средина, вредна 98.000.000 денари. Во Програмата за инвестирање во животната средина, во 2021 година, вклученоста на родовата перспектива е застапена преку афирмативни мерки кои поддржуваат вредности кои ја промовираат еднаквоста на жените и мажите во областа на животната средина како:

- Поддршка на проекти кои промовираат вредности за унапредување на родовата еднаквост во областа на животната средина;
- Водење на родоворазделена статистика во рамките на сите активности и поддржани проекти од Програмата за инвестирање во животната средина;
- Број на поднесени апликации и број на одобрени проекти кои ја поддржуваат родовата еднаквост во областа на животната средина;
- Процент на средства кои се одобрени за реализација на проект со кои се унапредува родовата еднаквост до вкупниот износ на одобрени средства од Програмата;
- Вклучени критериуми за поддршка на родовата еднаквост во областа на животната средина;
- Број на активности со кои се охрабруваат граѓанските здруженија да аплицираат со проекти кои промовираат вредности за поддршка на родовата еднаквост.

Активностите преку кои се имплементира родовосензитивен карактер при спроведувањето на Програмата се дел од следниве компоненти:

- Реализирање на проекти и активности за заштита на природата и биолошката разновидност, во износ од 5.000.000 денари;
- Реализирање на проекти и активности за подигање на јавната свест, едукација и обука во областа на животната средина, во износ од 8.000.000 денари;
- Поттикнување на образовни, истражувачки и развојни студии, програми, проекти и други слични активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, во износ од 7.000.000 денари.

Од вкупниот број апликанти (86) на кои им се доделени средства за реализација на проекти во 2021 година, 31 корисник на средства учествуваше со одреден критериум за родовосензитивен карактер.

Во текот на 2021 година, Министерството за труд и социјална политика ги реализираше следните активности:

1. Изработени се две студии за воведување на родовата перспектива во националните планови за климатски промени и интерсекција на родот и климатските промени на национално ниво, во сорабптка со УНДП;
2. Креиран е регистар на лица кои работат во двете области (родот и климатските промени);
3. Креиран е модул за обука за воведување на родовата перспектива во активностите поврзани со климатските промени и спроведен е првиот циклус обуки за претставници и претставнички од државната администрација, на централно и локално ниво. Дел од тој процес претставува и дизајнирањето на родовите индикатори кои ќе бидат

употребени и за соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање;
4. Организирани се обуки во 8-те плански региони во државата, на тема: „Сè што сте сакале да знаете за климатските промени“, на кои се презентира поврзаноста на родовата еднаквост и климатските промени;
5. Поддршка на менторска програма за пет општини за вклучување на родовата перспектива во програмите на општините поврзани со животната средина и климатските промени.

Предизвици:

- **Надминување на недоволната вклученост од родова перспектива во креирањето на националните и на локалните мерки и политики;**
- **Исклученост на ранливите категории на жени (сиромашни, рурални жени и др.) од анализите и од мерките за надминување на последиците од климатските промени.**

2.4 Политиката и носењето одлуки

Учеството на жените и мажите во јавниот сектор е избалансирано, но учеството на жените на ниво на извршни функции сè уште е многу ниско. Што се однесува на жените во јавниот сектор, треба да се забележи дека нивното учество во политиката се подобрува како резултат од постојаното подобрување на изборната регулатива.

Во јавниот сектор постои родов паритет, при што од вработените во јавниот сектор, од вкупно 112.777 вработени, жените се застапени со бројност од 62.356, односно 55,29 %, додека мажите се застапени со бројност од 50.421, односно 44,71 %[6].

Заклучно со 31.12.2021 година, состојбата во однос на образованието во јавниот сектор, во согласност со новата класификација, е следната: 2.575 се доктори на науки (д-р), 4.753 се магистри (м-р), 59.355 завршиле високо образование (ВСС), 1.140 завршиле вишо образование (ВШС), 523 завршиле постсредно образование (ПСС), 38.543 завршиле средно образование (ССС), 5.846 основно образование (ОСН), а 42 се ниско квалификувани (НКВ).

Доколку се анализира распределбата на мажите и на жените по вид и дејност на институциите, може да се заклучи дека жените се најмногу застапени во Уставниот суд на Република Северна Македонија, каде што процентуално учествуваат со 79,49 %.

Сепак, бројот на вработените во Уставниот суд е многу мал за да влијае на генералната слика на половата застапеност. Оттука, како вид на институции во кои жените се најмногу застапени ги издвојуваме Советот на јавните обвинители (75 %), Судскиот совет (72,73 %), Јавното обвинителство (70,77 %) и јавните установи (68,20 %). Од друга страна, пак, најголема застапеност на мажите има во јавните претпријатија (82,87 %), а тие процентуално учествуваат со над 50 % и во општините (58,71 %), органите во состав на министерствата (58,68 %), во министерствата (54,40 %), како и во самостојните органи на државната управа (53,55 %).

Генерално, жените се позастапени во речиси сите видови на институции. Сепак, треба да се има предвид дека од вкупниот број вработени во јавниот сектор, кој се анализира по структура, изземени се Армијата на Република Северна Македонија, овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи и органите во состав на Министерството, Агенцијата за разузнавање, Агенцијата за извештај од Регистарот на вработените во јавниот

[6]https://www.mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/reports/finalen-izveshtaj_2021_rabotna_30.03.2022.pdf

сектор за 2021 година 34 национална безбедност и органот во состав на Министерството за финансии – Управа за финансиска полиција, во кои мажите се позастапени.

Во однос на дејностите, жените се најзастапени во областа на трудот и социјалната заштита (82,11 %), особено во јавните установи за социјална и детска заштита. Исто така, значително е процентуалното учество на жените и во уште два крупни сектора – здравството (72,48 %) и образованието (65,74 %). Мажите, од друга страна, се најзастапени во дејностите од областа на животната средина (87,72 %), а доминантно се застапени и во дејностите поврзани со транспорт (86,22 %) и комунални работи (83,97 %).

Во контекст на родовата еднаквост базирана на локално ниво, како и партиципативноста во политичката сфера, соодносот на мажите и жените е значително подобар и рамноправен во споредба со претходните години во нашата држава. На локално ниво, инволвираноста и учеството на жените во Собранието на Република Северна Македонија изнесува 40,83 проценти од вкупниот број пратеници, односно 49 пратенички кои го сочинуваат Клубот на пратенички. На локално ниво, сликата е малку обесхрабрувачка, односно бројот на жени градоначалнички изнесува само две (2) од целокупниот број градоначалници (81) на локално ниво во државата. Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, во соработка со Клубот на пратенички и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, изработија Предлог-план на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието на Република Северна Македонија 2021 – 2022, кој го детерминираше фокусот во однос на родовата еднаквост во политиката и Собранието. Исто така, изработен е Извештај за имплементација на Планот на активности за унапредување на родовата сензитивност на Собранието на РСМ 2020 – 2021.

Сепак, во периодот 2020 – 2021 година, Собранието бележи напредок во имплементацијата на мерките и активностите предвидени со Планот на активности 2020 – 2021 година.

**Предизвици:**

- **Мала застапеност на жените во извршната власт, на места каде што нема законски решенија (квоти);**
- **Низок процент на жени на раководни позиции во институциите и јавните претпријатија;**
- **Мал број жени кои се вклучуваат во носењето одлуки на локално ниво.**

## 2.5 Здравство

Пандемијата од корона-вирусот, во текот на 2021 година, ја истакна оптовареноста на здравствениот систем. Заклучно со 30 декември 2021 година, регистрирани се 225.408 лица заболени од ковид-19, а починаа 7.626 лица.

Дополнително, заклучно со 15 ноември, вакцинирани се вкупно 815.523 граѓани, ревакцинирани се 785.916 лица, а трета доза примиле 56.349 граѓани, при што 57 % од граѓаните над 40-годишна возраст се ревакцинирани, а 33 % од популацијата, од 18 до 39 години, примиле барем една доза вакцина.

Опфатот на вакцинацијата со една доза вакцина аплицирана кај полнолетната популација изнесува 58 % , а со две дози опфатени се 47 % од граѓаните над 18 години. Според бројот на аплицирани вакцини, вакцинирани се 39 % од целата популација во нашата земја, а 38 % од популацијата во државата примиле две дози од вакцината.

Ковид-19 особено влијаеше врз жените, имајќи ја предвид традиционалната поделба на улогите во општеството и грижата на жените за домот и болните. Здравството претставува значајна област во која е неопходно да се инкорпорира родовата перспектива.

Владата на Република Северна Македонија и Министерството за здравство, во континуитет носат програми кои содржат мерки, задачи и активности за здравствена заштита на населението во Република Северна Македонија, а се однесуваат и на женската и на машката популација, или, пак, содржат специфични компоненти кои се родово чувствителни. Унапредувањето на здравјето на жените и на мажите и подигањето на квалитетот и достапноста на здравствените услуги заземаат значајно место и во Стратегијата за родова еднаквост, каде што постои посебна стратегиска област која се однесува на здравството.

Министерството за здравство континуирано спроведува и обезбедува бесплатни прегледи и лабораториски прегледи во текот на бременоста, поврзани со бременоста, бесплатно породување за бремени жени кои се надвор од системот на задолжително здравствено осигурување и лица без документ за идентификација. Бројот на жени кои имаат пристап и полза од постнатална здравствена заштита (посети од патронажна медицинска сестра) изнесува околу 83 %.

Министерството за здравство, исто така, изработи и Програма за рана детекција на малигни заболувања. Малигните заболувања, заедно со кардиоваскуларните болести, се водечка причина за смрт во светски рамки, како и во Република Северна Македонија. Со цел навремено да се откријат заболувањата и соодветно да се лекуваат заболените, Министерството за здравство презема континуирани активности за зголемување на свесноста кај населението, и кај мажите и кај жените, за потребата од превентивни прегледи и здрав стил на живеење. Скринингот е една од најисплатливите методи за рано откривање на малигните заболувања, при што состојбата/заболувањето треба да биде третирана(о) како значаен јавноздравствен проблем, со леснопрепознатлива латентна фаза и/или во рана симптоматска фаза, на пример кај појавата на карцином на дебелото црево. Скринирањето се изведува со тест за детекција на окултно крвавење – ФОБ-тест (Fecal Occult Blood Test – FOBT). Министерството за здравство ги набавува ФОБ-тестовите и ги распоредува преку Пилот-центарот за јавно здравје во Скопје според бројот на жителите на подрачјето што го покрива (Скопје, 136.986).

Секој граѓанин на возраст од 50 до 70 години може да си го оствари правото на бесплатен ФОБ-тест одејќи во пилот-центрите за јавно здравје. Секој пациент со негативен ФОБ-тест треба да се јави за две години на повторно скринирање. Секој пациент со позитивен ФОБ-тест треба да биде упатен на колоноскопија во одредена јавноздравствена установа.

Се планира мониторингот и евалуацијата да ги спроведува Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија, врз основа на базата на податоци која ја поседува за скрининг и да изготвува периодични извештаи како сублимат од извештаите на центрите за јавно здравје. Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија ќе врши евалуација на сите активности на скринингот и доставување на извештаи врз основа на показателите за успешност кои се јасно определени.

Целта на оваа програма е намалување на морбилитетот и па морталитетот на населението во Република Северна Македонија од рак на дебелото црево. Стратегијата за подобрување на раното откривање на ракот на дебелото црево подразбира и подобра информираност на населението за значењето на раното откривање на ракот на дебелото црево и едукација на здравствениот кадар за оваа програма. Други цели се:

- Да се намали морталитетот со КРК за 20-30 %, што подразбира 200 спасени животи секоја година.
- Да се редуцира инциденцата на КРК за 20 %.
- Да се намали појавата на КРК за 300 случаи годишно.

- Да се зголеми пропорцијата на раноооткриени случаи на КРК од 14 % до над 5 0% за период од 10 години.
- Да се подобри квалитетот на животот на пациентите со КРК и да се намали трошокот за третман на заболените од КРК.

Токму видот на здравствените услуги, специфично насочен кон одреден пол, претставува една од причините за родовата нееднаквост во секторот здравство, и поради овие причини се креираат активности во програмите со цел да се надминат нееднаквостите и да се постигне еднаква дистрибуција на здраствените услуги и за мажите и за жените.

Активностите предвидени со оваа програма ќе се реализираат во обем на средствата одобрени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, во Програмата за рано откривање на малигни заболувања во компонентата – Пилот-скрининг на колоректален карцином во Република Северна Македонија, во висина од 5.572.000,00 денари

**Предизвици**

- **Надминување на недостатокот од целосна гинеколошка грижа за ранливите категории на жени;**
- **Надминување на недостатокот од сервиси кои се фокусираат на подобрувањето на менталното здравје на сите жени.**

2.6 Образование и наука

Образованието е клучен елемент и двигател во процесот на социјалната општествена инклузија. Исто така, во образованието успешно се имплементира Стратегијата за образование 2018 – 2025 година, како и Акцискиот план на Министерството за образование и наука. Стратегијата за образование на Република Македонија за 2018 – 2025 година претставува основа за активностите на институциите во Република Македонија на полето на образованието, во периодот до 2025 година. Таа тргнува од постојните состојби во образовниот систем и има цел тие постепено да се подобруваат во согласност со утврдените приоритети.

**Министерството за труд и социјална политика** во текот на минатата година ги зголеми капацитетите на **установите за згрижување и воспитување деца на предучилишна возраст** заради вклучување поголем број деца во предучилишното воспитание, покрај обезбедените средства од Буџетот за изградба и опремување на нови објекти, а во континуитет се работи на проширување на капацитетите преку проектот ИПА 2017 и заемот од Светска банка. Во 2021 година, во јавните и во приватните установи за деца, вкупниот број деца од 0 до 6 години е зголемен за 749 деца во однос на 2020 година. Во 2021 година има вкупно 80 јавни установи за деца, со 327 објекти (77 детски градинки со 324 објекти и три центри за ран детски развој со три објекта) со капацитет за 32.919 деца, а запишани се 31.226 деца. Згрижување и воспитување на деца на предучилишна возраст се врши, исто така, и во 41 приватна установа за деца со 44 објекта, со капацитет од 1.604 деца и со вкупно запишани 1.384 деца.

Според податоците на Државниот завод за статистика, во учебната 2020/2021 година, запишани се вкупно 185.669 ученици, од кои 95.878 се машки и 89.791, женски. Во учебната 2021/2022 година, запишани се вкупно 185.874 ученици, од кои 95.818 се машки и 90.056 женски.

Во учебната 2020/2021 година, во средните општински училишта, запишани се вкупно 70.514 ученици, од кои 34.566 женски, а 35.948 машки, а во учебната 2021/2022 година, вкупно се запишани 69.550 ученици, од кои 34.801 женски, а 34.749 машки.

Високото образование се реализира на три нивоа: додипломски, магистерски и докторски студии. Во согласност со податоците на Државниот завод за статистика, добиени врз основа на пристигнатите извештаи, во Република Северна Македонија, во академската 2020/2021 година се запишани вкупно 50.881 студент, што претставува намалување за 1,7 % во однос на академската 2019/2020 година. Бројот на запишани студентки изнесува 29.482 или 57,9 %. Најголем број студенти (83,8 %) се запишани на државните високообразовни установи, додека 15,5 % се запишани на приватните високообразовни установи.

Во прва година студии, во академската 2020/2021 година, се запишале 12.365 студенти или 24,3 % (тука се опфатени и студентите што се запишуваат на прва година по вторпат, третпат и повеќепати).

За академската 2020/2021 година, за стипендии за студентки девојчиња на студии за биотехнички, техничко-технолошки, природноматематички, ИТ и/или медицински науки (трета група на стипендии + ИТ), издвоени се 24.239.700 денари, додека за стипендии за студенти момчиња издвоени се 9.591.300 денари.

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2021 година, звањето магистер на науки и специјалист го стекнале вкупно 1.976 лица, од кои 1.727 или 87,4 % се магистри и 249 или 12,6 % се специјалисти. Бројот на магистри и специјалисти, во споредба со 2020 година, е зголемен за 12,4 %. Учеството на жените магистри во вкупниот број лица што стекнале научен степен магистер на науки, во 2021 година изнесува 59,6 %. Во 2021 година, најголем број од магистерските трудови, 558, или 32,3 %, се во областа на бизнисот, администрацијата и правото, 22,2 % се во областа на општествените науки, новинарството и информирањето, следуваат инженерството, производството и градежништвото, со 15,9 %, а останатиот дел од областите бележат помал процент на застапеност.

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2021 година, звањето доктор на науки го стекнале 201 лице, што претставува зголемување за 15,5 % во споредба со 2020 година. 115 жени одбраниле докторска дисертација во текот на 2021 година, што претставува 57,2 % од вкупниот број лица што докторирале во оваа година. Најголем број од лицата докторирале во областа на здравството и социјалната заштита, 23,4 %, потоа во областа на општествените науки, новинарството и информирањето докторирале 17,4 %, следуваат бизнисот, администрацијата и правото, со 15,9 %, уметноста и хуманистичките науки, со 11,4 %, а останатиот дел од областите бележат помал процент на застапеност. Најголемиот процент од вкупниот број лица што докторирале, односно 30,8 %, ја вршат својата професија во образовната дејност.

Во март 2021 година, беше донесена **новата Концепција за основно образование**. Имплентацијата почна за учениците во прво и во четврто одделение. Наставниците во прво и четврто одделение добија соодветна обука за примена на новата концепција во текот на летото (поделена во три модули).

Новата концепција се потпира на инклузивноста, родовата сензитивност/рамноправност и на интеркултурноста, како клучни принципи и директно е поврзана со Националните стандарди за основно образование, што ги даваат насоките кон кои треба да се стреми целокупната организација и реализација на воспитно-образовниот процес во основните училишта.

Новата концепција за основно образование има посебна глава за обезбедување родова сензитивност/рамноправност. Во неа, меѓу другото, е уредено дека образованието поттикнува вклучување на родовата перспектива во обуката на наставниците, реализира настава низ содржини во кои нема експлицитни родови стереотипи и користи пристап кој е родовосензитивен и повикува на критички однос кон родовата нееднаквост. Наставните содржини се избрани така што водат сметка и на девојчињата и на момчињата да им обезбедат позитивни модели за идентификација, кои не се ограничени од традиционалните родови улоги.

Концепцијата, исто така, уредува: „Промовирање на родовата рамноправност преку образованието и стимулирање на учеството на учениците во наставните и во вонnаставните активности, независно од полот, односно спротивно на стереотипните очекувања поврзани со полот/родот. Во секоја од новите наставни програми има посебно поглавје насловено како: „Инклузивност, родова рамноправност/сензитивност, интеркултурност и меѓупредметна интеграција“.

Со ова се издигнува родовата еднаквост и заштитата од дискриминација по која било основа во наставните програми, учебниците и во наставните материјали, на едно малку повисоко ниво, и се стимулираат и наставниците и учениците повеќе да размислуваат на овие теми и за тоа како секоја единка може да придонесе за унапредување на овие прашања.

Изготвен е нов Предлог-закон за учебници и други наставни и дидактички материјали, и во него целосно е уредена забраната за дискриминација од секаков вид, вклучително и врз основа на пол и род, како и тоа дека со учебниците и со другите наставни и дидактички материјали се промовираат еднаквоста, почитувањето на човековите права, различноста, мултикултурализмот, демократијата, граѓанското учество и критичкото размислување. Во Законот е уредено дека во постапката за одобрување учебници и други наставни и дидактички материјали ќе учествуваат претставници од граѓанскиот сектор, со минимум 10-годишно искуство во полето на недискриминацијата, човековите права и родовата еднаквост.

Спроведена е Пилот-програмата за сеопфатно сексуално образование од учебната 2021/2022 година. Воведувањето сеопфатно сексуално образование во основните училишта значи унапредување на родовата еднаквост, инклузивноста и толеранцијата, но и превенција од сексуално вознемирување и насилство. Изготвени се Предлог-концепција за учебник и Методологија за вреднување на учебник.

Во тек се активностите за носење нов Закон за средно образование и нова Концепција за средно образование, кои, како и Концепцијата за основно образование и Законот за основно образование, ќе се темелат на промовирање инклузивност, родова рамноправност, толеранција и недискриминација врз каква било основа.

Во тек е изготвување на нов Закон за средно и стручно образование во кој ќе биде пропишано вклучувањето на родовата перспектива во сите планови, програми и учебници.

Донесени се новите наставни програми и наставни материјали за прво и четврто одделение, кои промовираат родова еднаквост и недискриминација. Во текот на целиот процес на изработка на програмите, работните групи се консултираа и со експерти од областите врз коишто се темели новата Концепција за основно образование: родовата еднаквост и недискриминацијата, инклузивноста и мултикултурализмот, како и заштитата на животната средина, почитувањето и заштитата на правата и слично. Наставните содржини се избрани така што водат сметка и на девојчињата и на момчињата да им обезбедат позитивни модели за идентификација кои не се ограничени од традиционалните родови улоги.

Изработени се предлог-нови наставни програми за второ и петто одделение кои промовираат родова еднаквост и недискриминација, врз основа на кои потоа ќе бидат изработени и нови наставни материјали за учење. Бирото за развој на образованието, во соработка со експерти во областа за поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, изготви Предлог-концепција за учебник и Методологија за вреднување на учебник.

Воведувањето на сеопфатно сексуално образование во основните училишта значи унапредување на родовата еднаквост, инклузивноста и толеранцијата, но и превенција од сексуалното вознемирување и од насилството. Ова образование значи усвојување знаења за начините за заштита, за однесувањето и предизвиците што ги носат пубертетот и развојот до периодот на адолесценцијата.

Од учебната 2021/2022 година се воведува пилот-проект со кој предметот Сексуално образование е воведен во деветто одделение, во три училишта: ОУ „Јан Амос Коменски“ – Карпош, ОУ „Кузман Шапкарев“ – Кисела Вода и ОУ „Братство – Миѓени“ во Тетово.

Предметот е изборен, со доброволно учество на учениците, врз основа на претходно спроведена анкета и со потврдена согласност од родителите на учениците. Потоа, ќе се направи евалуација на резултатите и соодветно интегрирање на ова образование во наставните курикулуми.

Во подготвителниот период за имплементација на пилот-проектот, изготвена е наставна програма за Сеопфатно сексуално образование за деветто одделение и Прирачник за наставници/компендиум. За да можат наставниците (вкупно 14) да го предаваат овој предмет, односно да ја реализираат наставната програма од 36 училишни часа, спроведени се обуки за стекнување знаења и вештини за сите теми поврзани со сеопфатно сексуално образование, во согласност со последните препораки на УНЕСКО за возраст од 12 до 15 години, односно род и пол, сексуално и репродуктивно здравје и ХИВ, сексуалност, насилство, граѓански аспекти и дискриминација, тело и слика за телото и врски и односи.

Во процесот на воведувањето на предметот Сеопфатно сексуално образование е вклучено и Бирото за развој на образованието, Граѓанската организација „ХЕРА“, како и меѓународните организации – УНЕСКО, УНДП, СЗО и УНФПА

Во 2021 година, ревидирани се пет учебника, од кои четири за основно образование и еден за средно образование.

Министерството за образование и наука работи на зголемувањето на капацитетите и подготвеноста на средните стручни училишта за професионална соработка со приватниот сектор, преку регионалниот проект „Обезбедување квалитет во работата на координаторите за учење преку работа“, што се реализира во соработка со австриското Федерално министерство за образование, наука и истражување и Агенцијата за образование и интернационализација од Австрија. Заедно со Швајцарската агенција за развој и соработка и Швајцарската амбасада, веќе две години се реализира социјалниот дијалог „Учи паметно, работи стручно“, со поддршка на Британската амбасада и УНДП во рамките на проектот „Преместување на јазот во вештините за создавање нови и подобри работни места“, при што е подготвен Концептот за развој на регионални центри за стручно образование и обука, а со Делегацијата на германското стопанство во Македонија се реализира дуално образование по германски модел во неколку средни училишта.

„Резултатите од сите овие активности се импресивни – ако во учебната 2020/2021 година имало само 11 дуални паралелки, за одбележување е дека идната учебна година, 2022/2023, ќе се отворат 220 дуални паралелки во соработка со 450 компании. Податоците покажуваат голем раст на компаниите кои одлучиле да соработуваат со стручните училишта и да им овозможат обука на учениците во реални производствени услови. Континуираното зголемување на бројот на учениците кои одбираат средно стручно образование и атрактивноста ја стимулираат политиката на стипендирање, така што учениците запишани во одредена дуална паралелка добиваат месечен износ од 3.500 денари за 9 месеци во годината, што е значајно зголемување на стипендиите за ученици запишани во средно стручно образование.

**Предизвици:**

- **Вклучување на девојчињата и момчињата во нетипични машки/женски професии;**
- **Наставни материјали и учебници кои промовираат еднаквост и толеранција;**
- **Сеопфатното сексуално образование не е редовно воспоставено во сите училишта.**

2.7 Жените, мирот и безбедноста

**Министерството за одбрана,** преку Вториот национален акциски план на Република Северна Македонија континуирано ја имплементира Резолуцијата на Организацијата на обединетите нации 13/25 за жените, мирот и безбедноста, во временскиот период од 2020 до 2025 година.

Оваа стратегиска рамка уште еднаш ги потврдува националната намера и цел, односно придонесот кон реализацијата на агендата „Жените, мирот и безбедноста“ (ЖМБ), како и одговорот на предизвиците кои произлегуваат од глобалните заложби. Надоврзувајќи се на искуствата од првиот Национален акциски план (НАП) за имплементација на Резолуцијата 13/25 и последователните резолуции, вториот петгодишен НАП 2020 – 2025, ќе ги претстави проширената национална визија, ангажманот и амбицијата, во рамките на четирите основни столбови на Резолуцијата 13/25:

1. Превенција на конфликти и сите форми на насилство врз жените и девојките во конфликтни и постконфликтни состојби;
2. Вклучување и промоција на еднаквото учество на жените и на мажите во процесите на носењето одлуки за мировни и безбедносни прашања, на локално, национално, регионално и на меѓународно ниво;
3. Заштита и промоција на заштитата на правата на жените и девојките во услови на конфликтни и постконфликтни состојби;
4. Олеснување и заздравување преку обезбедување на специфичните потреби на жените, јакнење на нивните способности и нивно вклучување во процесите на олеснување и заздравување, во услови на конфликтни и постконфликтни состојби.

Во Министерството за одбрана, вработени административни службеници се: Б-категорија: 48 % жени и 52 % мажи; В-категорија: 59 % жени и 41 % мажи; Г-категорија: 49 % жени и 51 % мажи, односно вкупно за сите категории заедно – 45 % жени и 55 % мажи и ПТЛ (помошнотехнички персонал) – 11 % жени и 89 % мажи.

Во категоријата воени лица во Министерството и Армијата, во 2021 година, доминантни се мажите, и тоа: офицери – 17 % жени и 83 % мажи; подофицери – 11 % жени и 89 % мажи; професионални војници – 6 % жени и 94 % мажи; цивилни лица – 34 % жени и 66 % мажи.

Од вкупниот број персонал во Армијата – 10 % се жени и 90 % се мажи. Споредбено со 2020 година, се бележи пораст на бројот на жени офицери и професионални војници, а изразено во проценти, зголемувањето изнесува 1 % поединечно во двете категории.

Во однос на стручното оспособување и усовршувањето во странство, од вкупно 170 лица упатени на стручно оспособување и усовршување во странство, 40, односно 23 % се жени, а 130 лица, односно 77 % се мажи.

**Министерството за одбрана,** како и секоја година, ја промовираше Воената академија:

– Од вкупно запишаните питомци на Воената академија, во сите студиски години, 63,71 % се мажи, а 36,29 % се питомки. Во студиската 2021/2022 година, од вкупно 32 студента, 25 % се питомки, односно 75 % се питомци;

– Од вкупно реализираните средства, 5.952.000 денари се потрошени за потребите на питомците, а 3.391.245 денари се потрошени за потребите на питомките;

– Во текот на 2021 година, потрошени се средства за логистичко обезбедување и обука, со цел да се реализира наставната програма на Воената академија.

Во годишниот извештај на **Министерството за внатрешни работи**, во сегментот поврзан со родовата еднаквост може да се забележи континуирана соработка на Министерството со Секцијата на жени при Македонскиот полициски синдикат, во насока на зајакнување на капацитетите за професионален и личен развој на жените во Министерството,

како и промоција на родовиот концепт и запознавање на раководителите со одредбите на Законот за еднакви можности, со цел да се инкорпорираат одредбите во институционалната политика.

Со стратегискиот план[7] на Министерството за внатрешни работи за 2021 – 2023 година, продолжуваат да се реализираат заложбите за создавање подобри услови за функционирање на полицијата, како и транспарентно, отчетно работење и јакнење на довербата кај граѓаните. Со овој документ продолжува реализацијата на стратегиската определба за создавање подобри услови за работа на сите вработени во Министерството, за изградба и реновирање на полициските објекти и обезбедување материјално-технички средства. Исто така, во Стратегискиот план ќе се следи имплементацијата на четири стратегии (Стратегија за натамошен развој на капацитетите на криминалистичката техника, на регионално и локално ниво, 2020 – 2025; Стратегијата за управување со човечки ресурси 2020 – 2022; Стратегијата за вклучување и комуникација со заедницата 2020 – 2022 и Стратегијата за развој на Центарот за обука 2020 – 2022), но и на новата Стратегија за обука и развој на вработените во МВР 2021 – 2023 година. Дел од Стратегискиот план претставуваат и проектите финансирани од Инструментот за претпристапна помош – ИПА и проектите што се реализираат во соработка со меѓународни институции и организации (FRONTEX, OSCE и др.) кои се наши повеќегодишни партнери и поддржувачи на унапредувањето на работата на полицијата.

Во текот на 2021 година, во согласност со податоците на Министерството за внатрешни работи, 86 % од учесниците на стручните усовршувања биле мажи, а 14 % биле жени учеснички.

Во текот на 2021 година, во Центарот за обука при Министерството за внатрешни работи се спроведе основна обука за полицајци. На обуката се упатени 82,64 % мажи и 17,36 % жени.

Во Наставната програма за Основна обука за полицаец континуирано се инкорпорираат теми кои имаат цел да се зголеми стручноста во постапувањето од родовосензитивен аспект. Исто така, во дел од Наставната програма за Основна обука за полицаец, во поглавјето со наслов „Етичко однесување и почитување на човековите права при полициско постапување“, се инкорпорирани теми кои имаат цел да се зголеми стручноста во постапувањето од родовосензитивен аспект. Овие теми, во зависност од потребите, се адаптираат и за континуирани обуки на вработените во Министерството.

Во Годишниот план за работа на МВР за 2021 година, која го опфаќа и Планот за обука на работниците во МВР за 2021 година, вклучена е и родовата компонента, конкретно се реализирани 422 едукативни активности, на кои се обучени 5.234 полициски службеници, од кои 4.327 мажи и 907 жени, во делот на полициско гранично работење, организиран криминал, криминалистичка техника, управување со човечки ресурси, финансиски прашања, зајакнување на интегритетот во безбедносниот сектор, примена на Етичкиот кодекс на однесување на вработените, како и други обуки за потребите на МВР.

Во декември 2021 година беше објавен повик за учество во менторската програма за менторки и ментори, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Сите пријавени работници ќе бидат дел од програмата која се планира да почне со активности во април 2022 година.

**Министерството за надворешни работи** вложува напори во остварувањето на родовата еднаквост при вработувањето, унапредувањето и упатувањето на мандат, како еден од предусловите за успешно постигнување на планираните цели, и меѓу другото, во натамошното унапредување на процесот на давање конзуларни услуги и грижа за дијаспората.

[7] https://mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/Strateski%20planovi/SP-na-MVR-2021-2023%20(2).pdf

Во овој контекст, од 440 вработени, 241 се мажи и 198 се жени, од вкупно 38 амбасадори, 25 се мажи и 13 жени, а од вкупно 8 генерални конзули, 7 се мажи и 1 е жена.

Табела: Вработени во МНР

| Година | | 2021 | |
|---|---|---|---|
| Дипломатско звање | Мажи | Жени | Вкупно |
| Амбасадор | 25 | 13 | 38 |
| Генерален конзул | 7 | 1 | 8 |
| Полномошен министер | 3 | 3 | 6 |
| Министер советник | 10 | 9 | 19 |
| Советник | 20 | 10 | 30 |
| Прв секретар | 7 | 5 | 12 |
| Втор секретар | 6 | 8 | 14 |
| Трет секретар | 6 | 5 | 11 |
| Аташе | 0 | 2 | 2 |
| Конзуларно-административен референт | 10 | 11 | 21 |
| Вкупно | 94 | 67 | 161 |

**Предизвици:**

- **Ниската застапеност на жените во Армијата;**
- **Ниската застапеност и недостапноста на информации за застапеноста на жените во меѓународните мисии и надворешните претставништва;**
- **Ниската застапеност на жените во полицијата.**

2.8 Социјална заштита

Жените се поранливи во кризни состојби, особено жените од маргинализираните заедници. Министерството за труд и социјална политика ги донесе измените на Законот за социјална заштита („Службен весник на РСМ“ бр. 163/21), со кој се овозможи услугата за лична асистенција да ја користат и деца со наполнети шест години.

Со оглед на тоа дека состојбата со пандемијата од ковид-19 продолжи и во 2021 година, а со цел да се обезбеди полесен пристап до остварувањето на правото на гарантирана минимална помош (ГПМ) во услови на вонредни околности, на 23 декември 2020 година, беше донесен Законот за дополнување на Законот за социјална заштита. Бројот на корисниците на ГМП од почетокот на пандемијата е зголемен за 6.629 домаќинства, односно пред почетокот на пандемијата предизвикана од корона-вирусот, предизвикувач на болеста ковид-19, правото на ГМП во нашата држава го користеле 28.564 домаќинства, а во овој момент, како корисници на правото на ГМП се евидентирани 35.193 домаќинства. Со цел да се обезбедат социјални услуги, спроведена е постапка по јавен конкурс за доделување средства здруженија и приватни даватели на социјални услуги, за давање на социјални услуги, и тоа за: лична асистенција (со која се обезбедуваат индивидуална помош и поддршка за лица со намален функционален капацитет, со цел да се овозможи независно и самостојно живеење, активно и рамноправно учество во заедницата, како и извршување на секојдневните активности, кои лице без попреченост вообичаено ги извршува без поддршка), живеење со поддршка (за независно живеење на корисниците во станбена единица со поддршка од страна на стручни лица или

други лица во остварувањето на основните и инструменталните активности во секојдневниот живот) и сместување во установа за третман и рехабилитација на лица кои имаат проблем со зависност (со која се обезбедуваат третман и рехабилитација, работноокупациона терапија, поддршка за стекнување работни вештини и вештини за вработување и реинтеграција во општеството на лица кои имаат проблем со зависност и други маргинализирани лица).

Мрежата на дватели на социјални услуги е проширена.

Имено, врз основа на мислењето на Комисија за лиценцирање на даватели на социјални услуги, издадени се 24 лиценции за давање социјални услуги на здруженија и приватни субјекти.

Во 2021 година, по спроведената постапка, доделени се средства на лиценцирани даватели на социјални услуги, и тоа за: лична асистенција, живеење со поддршка и сместување во установа за третман и рехабилитација на лица кои имаат проблем со зависност (со која се обезбедуваат третман и рехабилитација, работноокупациона терапија, поддршка за стекнување работни вештини и вештини за вработување и реинтеграција во општеството на лица кои имаат проблем со зависност и други маргинализирани лица. Цената на социјалните услуги е утврдена со Одлука за утврдување на цените на социјалните услуги од овластени даватели на услуга за 2021 година, во согласност со Методологијата за формирање на цените на услугите, во зависност од нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 264/19).

**Предизвици:**

- **Недоволната покриеност со социјални услуги во руралните средини;**
- **Намалувањето на неплатената работа на жените;**
- **Намалувањето на родовиот јаз при исплаќањето на пензиите.**

## 2.9 Медиуми

Медиумите, како мост помеѓу институциите и јавноста, можеби, ја имаат најголемата улога во спроведувањето, промоцијата и негувањето на родовата еднаквост, односно на родовоеднаквите можности на населението во Република Северна Македонија.

Агенцијата за аудио- и аудиовизуелни медиумски услуги за подигање на свеста кај сите инволвирани општествени страни во државата, преку Регулаторната стратегија за периодот од 2019 до 2023 година, ги адресира сите клучни прашања за засегнатите страни во медиумската дејност, во којашто најпрво се означени и анализирани состојбите во повеќе области, и врз основа на добиените сознанија се предвидени конкретни активности со коишто таа јасно ќе ја позиционира својата улога како регулатор во поттикнувањето на развојот на дејноста. Покрај податоците од истражувањата и анализите во областа на медиумите беше земено предвид и дејствувањето на новинарските и други здруженија од оваа област, а заради обезбедување посеопфатни сознанија беа спроведени поголем број длабински интервјуа со претставници на телевизиската и радиската индустрија, како и со претставници на рекламните агенции, а беа одржани и неколку работни состаноци со релевантни чинители во дејноста. Како нераскинливо поврзани области, спортот и медиумите се елементи кон коишто Агенцијата за аудио- и аудиовизуелни медиумски услуги ја насочи проблематиката со родовоеднаквите можности, односно кон подеднаквото медиумско застапување на двата пола во македонското општество. Со таа цел, Агенцијата публикуваше истражување со наслов „Родот во медиумите 2021: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во спортската програма на

националните терестријални телевизии“[8]. Регулаторните тела на полето на радиодифузијата имаат законска обврска да следат дали радиодифузерите обезбедуваат еднакви можности за претставување на мажите и жените во медиумските содржини, но и дали ја одразуваат севкупната родова разновидност во општеството. Затоа радиодифузните регулаторни тела спроведуваат истражувања кои треба да востановат во колкава мера и како медиумите ги почитуваат принципите на родова еднаквост, недискриминација, промоција на вредности на толеранција. Сепак, некои од истражувањата правени од регулаторни тела укажуваат на тоа дека медиумите, и покрај мноштвото јавни делиберации, продолжуваат да ги фаворизираат т.н. „машки спортови“, да ги потценуваат достигнувањата на спортистките и да ги пасивизираат и објективизираат женските тела. Резултатите од ова истражување ќе ѝ овозможат на Агенцијата за аудио- и аудиовизуелни медиумски услуги да креира идни регулаторни политики.

**Предизвици:**

- **Малата застапеност на жените на позициите на кои се носат одлуки во областа на медиумите;**
- **Малата застапеност на програмите поврзани со родовите прашања, како и на програмите кои обработуваат теми од родова перспектива.**

2.10 Спорт

Во Годишната програма на Агенцијата за млади и спорт за 2021 година, односно во Програмата за развој на спортот и млади за 2021 година, се овозможува реализација на принципите на еднакви можности за сите учесници во процесот, односно на сите спортисти, без разлика на нивните атрибути, верски и општествени разлики.

**Партиципација за финансирање на меѓународни програми на националните спортски федерации**. Планирана е партиципација во реализацијата на програмите на националните спортски федерации за учество во меѓународниот систем на натпревари. Во 2021 година, наши спортисти, национални тимови и спортски клубови, ќе настапат во рамките на регионалните првенства, европските и светските првенства, купови, отворени првенства и друг вид меѓународни натпревари, за што се утврдени средства во износ од 16.000.000,00 денари.

**Партиципација за финансирање на традиционални меѓународни спортски натпревари и манифестации.** Планирана е партиципација за реализација на програмите на националните спортски федерации за организација на традиционални меѓународни спортски натпревари и манифестации. Во Република Северна Македонија се одржуваат поголем број традиционални спортски натпреварии и манифестации во рамките на повеќе спортови. Некои од нив се дел од календарите за натпревари на меѓународните спортски асоцијации, со што се валоризира и нивната вредност и значење, за што се утврдени средства во износ од 3.700.000,00 денари.

**Партиципација за подготовки на спортисти од Република Северна Македонија за учество на Летните олимписки игри во Токио 2021.** Планирана е партиципација за реализација на програмите на националните спортски федерации за учество и подготовки на евидентните кандидати за учество на Летните олимписки игри во Токио 2021, за што се утврдени средства во износ од 3.100.000,00 денари.

**Партиципација за организација на европски и светски првенства во Република Северна Македонија.** Планирана е партиципација за реализација на програмите на

[8] https://avmu.mk/wp-content/uploads/2022/04/01-0

националните спортски федерации за организација на европски и светски првенства во Република Северна Македонија, за што се утврдени средства во износ од 2.000.000,00 денари[9].

| Реден бр. | Опис | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Партиципација за финансирање на меѓународни програми на националните спортски федерации | 16.000.000,00 |
| 2. | Партиципација за финансирање на традиционални меѓународни спортски натпревари и манифестации | 3.700.000,00 |
| 3. | Партиципација за подготовки на спортисти од Република Северна Македонија за учество на Летните Олимписки Игри – Токио 2021 | 3.100.000,00 |
| 4. | Партиципација за организација на европски и светски првенства во Република Северна Македонија | 2.000.000,00 |
| **Вкупно:** | | **24.800.000,00** |

Во процесот за овозможување еднакви можности, Агенцијата за млади и спорт, преку низа проекти, директно учествува во креирањето на спортската инфраструктура во општините со цел да се промовира спортот кој треба да биде еднакво достапен за сите граѓани на Република Северна Македонија. Овој проект ќе вклучува изградба на 100 повеќенаменски игралишта кои ќе бидат распоредени во 72 општини на територијата на Македонија. Повеќенаменските игралишта ќе им бидат ставени на располагање на сите граѓани, заради спортување, рекреирање и натпреварување. Игралиштата ќе може да се користат деноноќно и ќе бидат место за собирање и за дружење на младите генерации, како и основа за создавање здрава младина и одлична превентива од пороците на модерното живеење. Игралиштата ќе бидат опремени со спортски реквизити и опрема за фудбал, кошарка, ракомет и други спортови. Тие ќе бидат оградени и осветлени за спортување и за одигрување на натпревари во ноќните часови. Исто така, за подигање на свеста за родовата еднаквост, Агенцијата за млади и спорт планира 100 тениски терени кои ќе промовираат како индивиуални така и спортски настани во парови. Овие терени, исто така, ќе бидат распоредени во 44 општини, на територијата на Македонија. Преку изградбата на 35 спортски сали, Владата на Република Северна Македонија, преку Агенцијата за млади и спорт, сака да ја ублажи состојбата со дефицит на спортски објекти и да создаде основни услови за стратегиско профилирање на правилниот развој на младите во Република Северна Македонија.

Агенцијата за млади и спорт, во 2020/2021 година, доделила 500 стипендии, што претставува оптимално утврден број на стипендии кои се доделени на годишно ниво, при што девојчињата спортистки опфаќаат 39 % од вкупниот број, што досега претставува најголем процент на вклученост во системот на натпревари.

Од вкупно 500 стипендии, кои се доделуваат на годишно ниво, во 2021 година доделени се вкупно 197 за девојчиња во различни спортови.

Правата кои произлегуваат од категоријата спортист – спортска надеж, се користат една година, во која се исплаќаат десет месечни парични надоместоци, во висина од 20 % од просечната плата исплатена во РМ во текот на претходната година, а средствата се обезбедуваат од Буџетот на РСМ, а се исплаќаат преку Агенцијата за млади и спорт на РСМ.

Агенцијата за млади и спорт активно соработува со 64 национални спортски федерации, во кои се здружени повеќе од 3.500 спортски клуба.

[9] https://dejure.mk/zakon/programa-za-razvoj-na-sport-i-mladi-za-2021-godina

**Предизвици:**

- **Голем дел од младите не спортуваат, а девојчињата помалку спортуваат од момчињата;**
- **Доделувањето на делот од општинските буџети, наменет за спорт и рекреација, подеднакво, за женски и за машки клубови;**
- **Борбата со појавата на сексизам и со појавите на родовобазирано насилство над жените во спортот.**

2.11 Комуникации и електронски систем за управување со учењето

Имајќи ја предвид заложбата на Владата на РСМ за подигање на свеста во областа на родовата еднаквост меѓу сите вработени во државната администрација, Министерството за информатичко општество и администрација очекува, во наредниот период, реализацијата на е-обуката за родова еднаквост да зафаќа сè поголеми размери. Со оглед на предвидените интервенции во родовобуџетската изјава на Министерството за информатичко општество и администрација, за периодот 2020 – 2022 година, Министерството почна со надградба на Електронскиот систем за управување со учењето, со цел да се обезбеди можност за проширување со приклучувања на нови институции, додавање на нови функционалности и нови е-обуки. Со оваа надградба ќе се додадат уште два модула (Модул 1: Еднаквост и антидискриминација, и Модул 2: Одговорност за промоција на еднаквоста).

Со оваа надградба се зголемуваат бројот на е-обуките достапни до вработените, како и централното мониторирање на посетеноста на е-обуките. Истовремено, со надградба на електронскиот систем се зголемува бројот на обучени административни службеници кои ја завршуваат е-обуката за еднакви можности во однос на вкупниот број вработени административни службеници во институциите во Република Северна Македонија.

Според евиденцијата во електронската платформа за е-учење, во периодот од 1.1.2021 г. до 31.12.2021 г., обуката за родова еднаквост ја завршиле вкупно 120 посетители (табела: број на посетители на обуката за родова еднаквост).

Број на посетители на обуката за родова еднаквост

| Година | Број на посетители | Жени | Мажи |
|---|---|---|---|
| 2021 | | | |
| Родова еднаквост – основен степен | 72 | 54 | 18 |
| Родова еднаквост – напреден степен | 48 | 38 | 10 |
| Вкупно | 120 | 92 | 28 |

Од табелата може да заклучиме дека поради надградбата на системот и појавата на ковид-19, бројот на административните службеници кои ја завршиле обуката во 2021 година е мал.

Исто така, зборувајќи за користењето и за достапноста на технологијата за комуникации во општеството и во домаќинствата, според податоците на Државниот завод за статистика, во првото тримесечје на 2021 година, 83,7 % од домаќинствата имале пристап до интернет оддома. Учеството на домаќинствата според типот на населеното место со широкопојасен интернет во вкупниот број домаќинства изнесува 87,1 % во 2021 година. Во првото тримесечје на 2021 година, од вкупното население на возраст од 15 до 74 години, интернет користеле 86,4 %, а 80,5 % го користеле секој ден, или речиси секој ден. 46,3 % од

лицата нарачале/купиле стоки или услуги преку интернет во последните 12 месеци, што е јасен показател дека начинот на комуникацијата, едукативниот пристап, како и социјалната инклузија, сè повеќе и повеќе се имплементираат преку интернет и онлајн, преку ползувањето на инструментите на сајбер-светот.[10]

Министерството за информатичко општество и администрација, преку креирање е-обука за родова еднаквост на административните службеници, придонесува во приближувањето на информатичко-комуникациските технологии до граѓаните и во интегрирањето на родовата перспектива во начинот на живеење.

Надградбата на електронскиот систем за управување со учењето обезбедува тековно одржување и негово проширување со приклучувања на нови институции, додавање на нови функционалности и нови е-обуки. Со ова се зголемува бројот на е-обуки достапни до вработените во јавната администрација, како и централното мониторирање на посетеноста на е-обуките и можноста системот да генерира извештаи со повеќе информации (по пол, возраст, институција, звање итн.).

**Предизвици:**

- **Нискиот процент на посетители на обуките од областа на родовата еднаквост на системот за е-учење;**
- **Ажурирање и надградба на е-обуките со нови содржини.**

## 2.12 Култура

Во областа на културата, со статистички истражувања се следат состојбите во театрите, кината, библиотеките, музеите и во издавачката дејност во Република Северна Македонија.

Податоците за деловните субјекти во областа на културата се прибрани од редовните статистички истражувања (едногодишни и тригодишни) што ги спроведува Државниот завод за статистика. Со годишните извештаи се опфатени податоци за театрите, филхармониите, професионалните оркестри, кината, ликовната и издавачката дејност (книги и брошури); со тригодишните извештаи се опфатени податоците за библиотеките, музеите и техничката култура. Податоците за театрите, филхармониите, професионалните оркестри и техничката култура се однесуваат за сезонската година, а останатите, за календарската година. Податоците од областа на јавното информирање се прибираат од редовните годишни статистички истражувања што ги спроведува Државниот завод за статистика. Со годишните извештаи се опфатени податоците за јавните радиодифузни претпријатија и трговските радиодифузни друштва, како и податоците за издадените периодични публикации (весници и списанија).

Реализацијата на Буџетот во 2021 година за програмата 72 изнесуваше 14.893.050 (четиринаесет милиони осумстотини деведесет и три илјади и педесет) денари, за вкупно 60 одобрени проекти. Жени носители на проекти беа вкупно 22, од кои 5 физички лица и 17 правни субјекти за кои беше распределен буџет во износ од 6.143.050 (шест милиони сто четириесет и три илјади и педесет) денари. Од нив осум имаат содржина која целосно или делумно третира теми од областа на родовите политики кои не се нужно трансдисциплинарни проекти со вкупен доделен буџет 3.775.000 (три милиони седумстотини седумдесет и пет илјади) денари.

[10] https://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=77

**Предизвици:**

- **Родовата еднаквост претставува маргинализирано прашање во рамки на финансирањето и поддршката на проекти;**
- **Во издаваштвото не се обрнува внимание на родовата застапеност.**

2.13 Родовобазирано насилство

Во последните години се забележува одреден напредок во поглед на родовите прашања кој, меѓу другото, се должи на имплементацијата на меѓународните стандарди и на домашната легислатива, институционалното програмирање и развој, и на соработката со граѓанските организации кои работат во оваа област. Сепак, предизвиците во поглед на родовата еднаквост се многубројни. Основната рамка за борба со насилството над жените и семејното насилство ја претставуваат **Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство 2018 – 2023** и Законот за заштита и спречување на насилството врз жени и семејното насилство.

Покрај тоа, родовобазираното насилство е вклучено во Стратегијата за родова еднаквост 2022 – 2027.

Врз основа на активностите кои произлегуваат од Првата стратегиска цел на **Акцискиот план** за спроведување на Конвенцијата во 2021 година, донесен е **Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство**. Законот е целосно усогласен со Истанбулската конвенција.

Она што треба да се постигне со овој закон е значително да се подобри институционалната и сеопфатната поддршка на жртвите на родовобазираното насилство.

Во 2021 година, Владата на РСМ формираше Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство, со мандат од пет години. Со Националното координативно тело претседава министерот за труд и социјална политика, и административно-стручните работи ги извршува Министерството за труд и социјална политика. Националното координативно тело е составено од еден претставник од Генералниот секретаријат на Владата, три раководни службеници од Министерството за труд и социјална политика, член и заменик-член од Министерството за здравство, член и заменик-член од Министерството за правда, член и заменик-член од Министерството за образование и наука, член и заменик-член од Министерството за внатрешни работи, судии и јавни обвинители, претставник на единиците на локалната самоуправа и претставник на здруженија, синдикати и здруженија на работодавци, по еден претставник од Комисијата за еднакви можности на жените и мажите и од Клубот на пратенички на Собранието на Република Северна Македонија, судија, јавен обвинител и претставник на единиците на локалната самоуправа.

Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и за борба против насилството над жените и против семејното насилство, во март оваа година, го усвои првиот Извештај за импленментација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Основен извештај) што е јавно достапен и објавен на 6 април 2022 година, на веб-страницата на Советот на Европа, како и на веб-страницата на МТСП.

Министерството за труд и социјална политика, во Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот во 2021 година:

- Со мерката „Поддршка за самовработување (претприемаштво)" на жените жртви на семејно насилство, им обезбедува поволност да добијат советодавна/менторска

поддршка во период од 12 месеци од основањето на бизнисот како припаднички на целната група жени од ранливи категории.

- Со мерката „Субвенционирање на плати“, која има цел да овозможи поддршка за вработување на невработени лица што потешко се вклучуваат на пазарот на трудот, една од целните групи кон кои е таа насочена се жртвите на семејно насилство.

Исто така, треба да се напомене дека невработените лица, жените жртви на семејно насилство, имаат право да учествуваат во сите други активни програми и мерки за вработување, како и во услугите за вработување.

Според податоците на Министерството за труд и социјална политика, добиени од центрите за социјална работа, жените жртви во 2021 година ги добиле следниве услуги:

| Вид помош за жртви на семејно насилство | 2021 |
|---|---|
| Психосоцијална помош и поддршка | 1.068 |
| Правна помош | 1.352 |
| Права од социјална заштита | 81 |
| Број на известувања до АВРМ, за вклучување во активните мерки | 196 |
| Предлог-привремени мерки на заштита доставени до судот од ЦСР | 1.223 |
| Жени жртви и нивните деца сместени во засолниште | 58 |

**Министерството за труд и социјална политика**, заради ефикасно спроведување и функционирање на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, усвои подзаконски акти, и тоа за неговото функционирање усвоени се следните подзаконски акти:

Од Министерствоto за труд и социјална политика:

- Правилник за начинот на спроведувањето и начинот на следење на изречените привремени мерки за заштита („Службен весник на РСМ“ бр. 248/21);
- Правилник за начинот на спроведување на процена на ризик од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство и на ризикот од повторување на насилството, соодветното управување со ризикот, спроведување и следење на мерките за заштита на жените жртви на родовобазирано насилство и жртвите на семејно насилство, преземени од Центарот за социјална работа и потребните обрасци („Службен весник на РСМ“ бр. 240/21).

Од Министерството за внатрешни работи:

- Правилник за начинот на извршувањето на изречената итна мерка за заштита и отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот и привремени мерки за заштита („Службен весник на РСМ“ бр. 210/21);
- Правилник за начинот на процена на ризик од сериозна опасност по животот и физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство и на ризикот од повторување на насилството, соодветното управување со ризикот, образецот на полицискиот извештај и на предлогот за изрекување итна мерка за заштита – отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот („Службен весник на РСМ“ бр. 210/21).

Од Министерството за здравство – Правилник за работа со сторител.

Во нашата држава, во моментов функционираат следните сервиси:

- Воспоставени се 13 специјализирани сервиси за згрижување на жртви на семејно насилство и на родовобазирано насилство, во 6 плански региони. Отворени се од Министерството за труд и социјална политика вкупно 8 сервиси, финансирани од

МТСП, а управувани од ГО – 3 сервиси, 1 сервис финансиран од локална самоуправа, а менаџиран од ГО, и 1 сервис ГО.

- Воспоставени се 8 советувалишта за жени жртви на родовобазирано насилство и семејно насилство на територијата на РСМ, во 8 плански региони, кои се воспоставени од МТСП, 1 советувалиште финансирано од МТСП, а менаџирано од ГО, 8 советувалишта за психосоцијален третман на сторители на семејно насилство отворено од страна на МТСП и 1 – Прв семеен центар финансиран од локалната самоуправа, а менаџиран од ГО.
- Осум (8) специјализирани советувалишта за жртви на насилство/семејно насилство во седум (7) плански региони, и тоа: Скопје, Куманово Тетово, Кавадарци, Штип, Прилеп, Битола и Охрид.
- Едно советувалиште за сторители на семејно насилство во Скопје.

– Воспоставени се кризни центри за жртвите на сексуално насилство (до 72 часа), три (3) од Министерството за здравство во Скопје, Тетово и Куманово.

- Центарот за жртви на трговија со луѓе, финансиран од МТСП.

**Спроведување обуки за даватели на специјализирани услуги на жртви на РБН.** Подготвен е модул за специјализирани услуги (за секоја услуга, вклучително за работа со деца жртви или сведоци на насилство) – декември 2020 г.

- Реализирани се три (3) *обуки за обучувачи* од Програмата за родовобазирано насилство за специјализирани услуги за три (3) модули:
  - Модул за жени и деца;
  - Модул за сторители;
  - Општ модул за подигање на свеста кај професионалци.

Овие модули се реализирани во март 2021 година во рамките на проектот „Поддршка на имплементацијата на Националниот акциски план за Истанбулската конвенција“, финансиран од холандската амбасада.

- Реализирани се три (3) обуки за даватели на специјализирани услуги за жртви на родовобазирано и семејно насилство, наменети за центрите за социјална работа, Заводот за социјални дејности и претставниците на граѓански организации кои се даватели на специјализирани услуги за жртви на родовобазирано и семејно насилство. Реализирани се во април 2021 година, во рамките на проектот „Поддршка на имплементацијата на Националниот акциски план за Истанбулската конвенција“, финансиран од холандската амбасада.

Дополнително, Министерството за труд и социјална политика финансира специјализирани услуги од здруженијата на граѓани кои работат на полето на семејното насилство.

За соодветно функционирање на овие сервиси, Министерството за труд и социјална политика изработи:

- Стандард и процедури за работа на центрите за социјална работа за жени жртви на родовобазирано насилство и семејно насилство (октомври 2021 год.);
- Стандард и процедури за работа на лиценцирани даватели на специјализираната услуга за советување – специјализирани услуги за жени жртви на родовобазирано насилство и жртви на семејно насилство (октомври 2021 год.);
- Стандард и процедури за работа на даватели на услуга за привремен престој (Центар за жртви на семејно насилство, Центар за жртви на родовобазирано насилство и Центар за жени жртви на сексуално насилство и силување (октомври 2021 год.));
- Стандард и процедури за работа на услугата советување – социјален третман на сторителите на семејно насилство (октомври 2021 год.);
- Стандард и процедури за работа на лиценцирани даватели на специјализирани услуги – СОС-линија за помош на жртвите на насилство врз жени и семејно насилство (октомври 2021 год.).

**Министерството за здравство** ги интегрираше бесплатните прегледи за жртвите на сексуално насилство во Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата.

Во 2021 година, **Бирото за јавна безбедност**, во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, а со цел да се обезбедат потребната поддршка, помош и информациите за жртвите на РБН врз жени и жртвите на семејно насилство, изготви 15.000 флаери со телефонски броеви на сервиси кои нудат помош, поддршка и заштита на жртвите. На флаерите има и информации за мобилната апликација за пријавување на насилството „Биди безбедна".

Предизвици:

- **Ревидирање на Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилство врз жените и домашното насилство 2018 – 2023, со соодветни финансиски ресурси за негова имплементација;**
- **Усогласување на законската регулатива со Законот за спречување и заштита од насилство над жените и семејното насилство;**
- **Воспоставување на специјализирани сервиси во согласност со стандадите од Конвенцијата;**
- **Контуинуирано градење на капацитетите на професионалците од различни институции.**

## 2.14 Трговија со луѓе

Министерството за труд и социјална политика, Секторот за еднакви можности, како координатор на Националниот механизам за упатување на жртвите на трговијата со луѓе, во текот на 2021 година, ја продолжи соработката со Националната комисија за борба против трговијата со луѓе, Подгрупата за борба против трговијата со деца, со центрите за социјална работа, Државниот трудов инспекторат, Јавното обвинителство за гонење на огранизиран криминал и корупција на Република Северна Македонија за надминување на проблемот со кривични дела поврзани со шверцување мигранти и трговија со луѓе и Министерството за внатрешни работи/Единицата за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, Центарот за лица жртви на трговијата со луѓе, со здруженијата на граѓани. Владата на Република Северна Македонија ги усвои Стратегијата и Акцискиот план за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција (2021 – 2025) во која се предвидуваат стратегиските приоритети кои се однесуваат на надлежностите на МТСП во однос на превенцијата, заштитата и помошта и поддршката на жртвите на трговијата со луѓе. Подгрупата за борба против трговијата со деца изработи Оперативен план за борба против трговијата со деца 2021 – 2022 година.

Донесен е нов Правилник за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга за привремен престој и за простор, средства, кадри и потребната документација за центар за привремен престој („Службен весник на РСМ", бр. 91/21), во согласност со Законот за социјална заштита, што се однесува на Центарот за жртви на трговијата со луѓе. Врз основа на овој правилник, донесена е Одлука за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за вонсемејна заштита, за стручна помош и поддршка и за привремен престој за 2022 година, во која првпат е предвидена и цената на чинењето на услугата за привремен престој во Центарот за жртви на трговијата со луѓе, во согласност со Методологијата за формирање на цените на услугите во зависност од нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 264/19).

Поради кризната состојба предизвикана од пандемијата од ковид-19, мобилните тимови на почетокот од годината продолжија да функционираат, реактивно, со намалена теренска активност, односно само во одредени случаи кога социјалните работници или претставниците на Националната единица за БТЛ ќе идентификуваа потенцијални жртви на трговија со луѓе и имаа потреба од соработка и вклучување на претставниците на здруженијата на граѓани. Ангажманот на претставниците на здруженијата на граѓани беше волонтерски, во согласност со нивната програма за работа.

Од август, функционирањето на мобилните тим го поддржа ИОМ во рамките на проектот „Поддршка на капацитетите за превенција и заштита на Република Северна Македонија", поддржан од Банката за развој на Советот на Европа – СЕВ.

Во периодот август – декември 2021 година, петте мобилни тимови беа активни во спроведувањето на програмските активности, вклучувајќи редовни состаноци, теренски посети, контакти, упатувања и помош на ранливи групи, жртви и потенцијални жртви на трговијата со луѓе. Вкупно 260 корисници беа првично контактирани и информирани во периодот август – декември 2021 година, од кои седуммина (7) беа жртви на трговија со луѓе, 68 беа потенцијални жртви на трговија со луѓе и 185 беа ранливи категории, но без тековен ризик од трговија со луѓе. Од вкупниот број идентификувани актуелни ЖТ – тројца (3) беа мажи и четири (4) жени, од вкупниот број идентификувани ПЖТЛ, дванаесетмина (12) беа мажи и 56 жени, а од вкупно ранливите без ризик од ТЛ, 73 беа мажи и 112 беа жени. Од вкупниот број контактирани и информирани корисници, 245 беа домашни државјани и 15 странски државјани. Од вкупниот број идентификувани актуелни ЖТЛ, петмина (5) беа домашни државјани и двајца (2) беа странски државјани, од вкупниот број идентификувани ПЖТЛ, 65 беа домашни државјани и двајца (2) беа странски државјани, а од вкупно ранливите без ризик од трговија со луѓе, 175 беа домашни државјани и единаесетмина (11) странски државјани. МТСП даде поддршка во реализацијата на активностите во рамките на концептот на Хоризонталниот инструмент на Европската Унија и Советот на Европа за Западен Балкан и Турција, „Превенција и борба против трговијата со луѓе во Република Северна Македонија" на:

– Семинарот за потребите на децата жртви на трговијата со луѓе, односно за ресоцијализација и реинтеграција на децата жртви на трговијата со деца;

– Работилница за родовата перспектива на трговијата со луѓе и

– Тематска дискусија за проактивно идентификување и упатување на децата жртви на трговијата со луѓе.

– Во соработка со ГИЗ, спроведени се основна и напредна обука за мобилните тимови.

Во соработка со ИОМ, направена е една работилница со мобилните тимови за спроведување на теренска работа. Во насока на поддршка и одбележување на „18 октомври – Европскиот дена за борба против трговијата со луѓе", Министерството за труд и социјална политика ги поддржа активностите на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегалната миграција, како и здруженијата на граѓани кои се членови на Секретаријатот, и учествуваше во подготовката на видеоматеријали за подигање на јавната свест за превенција од трговијата со луѓе.

Во текот на 2021 година, во Центарот за жртви на трговијата со луѓе беа прифатени и сместени четири (4) лица, од кои едно (1) – жртва на трговија со луѓе, и три (3) лица потенцијални жртви. Сите лица се од женски пол, две (2) се деца и две (2) се полнолетни. Една потенцијална жртва на трговијата со луѓе е странска државјанка од Украина, и втората, со обид за сексуална експлоатација од Русија, а другите имаат македонско државјанство. Две од нив се сексуално експлоатирани, а една е жртва на принуден брак. Дополнително, во Центарот за жртви на трговијата со луѓе престојуваат три жртви (девојчиња) од претходни години. Времето на престој, во просек, изнесува од една недела до 10 месеци, а жртвите, кои го напуштија Центарот, се сместени на соодветни локации по процена на надлежниот центар за социјални

работи. На лицата сместени во Центарот обезбедени им се основните потреби (облека, храна, хигиенски средства), психосоцијални советувања, медицински прегледи (стоматолошки, лабораториски), едната го започнала процесот на образование во училиште за возрасни (претходно била надвор од образовниот систем) затоа што старосната граница надминува можност за посета на наставата во редовно училиште.

Реализираните активности со лицата жртви на трговијата со луѓе сместени во Центарот за жртви на трговија со луѓе се одвиваат преку спроведување на програмата за психосоцијална поддршка и реинтеграција од страна на Здружението на граѓани за акција против насилство и трговија со луѓе „Отворена порта“ – Скопје.

**Предизвици:**

- **Да се постигне одржливост на мобилните тимови и нивна поддршка од локалната самоуправа;**
- **Да се прошири сместувачкиот капацитет на Центарот за жртви на трговијата со луѓе;**
- **Да се постигне континуирано градење на капацитетите на вклучените актери во НМУ.**

## 2.15 Родовоодговорно буџетирање

МТСП, преку Секторот за еднакви можности, претставува владин механизам за унапредување на родовата еднаквост. Секторот е координатор за родовоодговорното буџетирање и ги координира активностите на другите министерства и на единиците на локалната самоуправа, во однос на спроведувањето на родовобуџетските иницијативи преку директно учество како имплементатор на проектот: „Унапредување на институционализацијата на РОБ преку систематска интеграција на родовата перспектива во стратегиското планирање и програмирање на владините институции во Република Северна Македонија“, а финансиран од ОН Жени (UN Women).

Во текот на реализацијата на проектот, спроведена е менторска поддршка на министерствата и на институциите за примена на родовоодговорно буџетирање, квартални состаноци за евалуација на извештаите за РОБ, како и организирање на технички состаноци со министествата кои се вклучени во процесот на РОБ. Понатаму, организирани се обуки и работилници за зајакнување на капацитетите на административните службеници кои се вклучени во креирање и следење на стратегиските планови и буџети.

Во рамките на истиот проект, во 2021 година беше планирано да се отвори и да се промовира Ресурсен центар за родовоодговорно креирање на политики и буџетирање, кој ќе има цел да ги зајакне капацитетите на административните службеници за вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиката и на буџетот преку користењето на алатките за родовоодговорното буџетирање (РОБ).

Во процесот на родовоодговорното буџетирање на национално ниво, вклучени се 13 министерства и 2 агенции, и тоа: Министерството за правда, Министерството за надворешни работи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за одбрана, Министерството за образование и наука, Министерството за култура, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за здравство, Агенцијата за поддршка на претпремаштвото и Агенцијата за млади и спорт. Според Методологијата за родовоодговорно буџетирање, обврска на министерствата е реализаирање

на програмата која е планирана во процесот на родовоодговорното буџетирање, односно да се следат и да се известува за преземените активности и интервенции во насока на намалување на родовата нееднаквост, во период од три години.

**Предизвици:**

- **Надминување на недоволната и непрецизната поставеност на Законот за буџети во однос на родовоодговорното буџетирање;**
- **Надминување на недостатокот на дефиниции за поимите во рамките на родовобуџетската изјава/иницијатива, за родовите индикатори, како и за родовите цели;**
- **Надминување на недоволната подготвеност на институциите на централно ниво за целосно воспоставување на родовоодговорното буџетирање во сите фази на буџетскиот циклус;**
- **Надминување на недоволната вклученост на родовата перспектива во креирањето на политиките, програмите и буџетските процеси, на централно и локално ниво.**

2.16 Пристапот до правда

Во 2021 година, примарна правна помош е обезбедена преку: подрачните одделенија за бесплатна правна помош при Министерството за правда, преку овластените здруженија регистрирани во Регистарот на овластени здруженија за давање бесплатна правна помош при Министерството за правда и правните клиники регистрирани во Министерството за правда за давање бесплатна правна помош.

Во 2021 година, преку подрачните одделенија, овластените здруженија и правните клиники, вкупно 3.266 лица добиле примарна правна помош, од кои 1.481 биле мажи и 1.580 биле жени. Во 2021 година, во подрачните одделенија за бесплатна правна помош при Министерството за правда, вкупно 1.194 лица добиле примарна правна помош, од кои 555 биле мажи, а 444 биле жени.

Секундарна правна помош му се одобрува на лице кое има потреба од стручна правна помош од адвокат за конкретна правна работа и не е во можност да ги плати трошоците за постапката поради неговата финансиска состојба и чие барање е оправдано. Овластеното лице од соодветното подрачно одделение за бесплатна правна помош ја одобрува или ја одбива побараната секундарна правна помош со издавање на потврда на заинтересираното лице.

Во 2021 година биле поднесени вкупно 295 барања за секундарна правна помош, одобрени се 203 барања, одбиени се 65 барања, а донесени се 13 решенија за прекин на одобрената секундарна правна помош.[11]

Преку Програмата за надомест на штета на лица неправедно осудени и неосновано или незаконито лишени од слобода, во износ од 7.000.000 денари, исплатени се 5.996.196 денари во текот на 2021 година, и сите средства им се исплатени на мажи.

До **Министерството за правда** се поднесени вкупно 52 барања за надомест на штета од лица неоправдано осудени и неосновано или незаконито лишени од слобода.

Од сите подносители, две (2) се жени и 50 мажи, а основата на која е поднесено барањето за уврдување на спогодбен надоместок на штета е поради неоснована, односно

[11] https://www.pravda.gov.mk/Upload/Documents/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD%20%D0%B8%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98%20%D0%91%D0%9F%D0%9F%20%D0%B7%D0%B0%202021%20%D0%B3%D0%BE%D0%B4%20%D1%84%D0%B8%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%BE.pdf)

неоправдана осуда, неосновано лишување од слобода: притвор, куќен притвор, неоправдано издржување на казна затвор, противзаконито издржување на казна затвор и сл.

Во однос на бројот на мажите и жените на кои им е усвоено барањето за утврдување на спогодбен надоместок на штета (делумна или целосна спогодба) и определување на нивниот процент од вкупно поднесените барања, не се усвоило ниту едно барање за утврдување на спогодбен надомест на штета (делумна или целосна спогодба), и во согласност со тоа не постои, односно не може да се утврди процент од вкупноподнесените барања.

Во однос на утврдувањето на бројот на мажите и на жените на кои не им е усвоено барањето за утврдување спогодбен надоместок на штета поради немање на законска основа за тоа, на двајца (2) подносители – мажи, им е одговорено дека не им се усвојува барањето поради немање законска основа за тоа, а на 35 подносители, од кои две (2) жени и 33 мажи, им е одговорено дека не им се усвојува барањето за надомест на штета, со истовремено упатување своите права да ги остваруваат во натамошна постапка со поднесување на тужба за надомест на штета кај надлежен суд (член 551, став 1, од ЗКП).

Останатите 15 барања се во тек на обработка, односно во постапка на разгледување, а по обработката на предметите ќе им биде соодветно одговорено на барањето на подносителите – мажи.

**Предизвици:**

- **Жените жртви на РБН и СН не се издвоени како посебна категорија во Законот за ББП;**
- **Пристапот до правда сè уште е предизвик за маргинализираните групи, како што се Ромите, ЛГБТИ, барателите на азил, мигрантите, лицата без државјанство, сексуалните работници и корисниците на дрога;**

### 2.16.1 Механизми на заштита

- **Народен правобранител**

Во Годишниот извештај за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права за 2021 година, отсликана е состојбата со степенот на почитувањето на човековите слободи и права во 2021 година, која произлегува од анализата на поднесените претставки од граѓани, предметите оформени по сопствена иницијатива, како и од прифатените укажувања и интервенции на Народниот правобранител за отстранување на констатираните повреди.

Во 2021 година, во институцијата Народен правобранител беа примени/заведени 2.686 претставки, а 389 предмети беа пренесени од претходната година. Вкупниот број предмети/претставки по кои Народниот правобранител постапуваше или ги разгледуваше изнесува 3.075.

Најголем број од примените претставки, 1.494, беа поднесени лично од подносителите во канцелариите на Народниот правобранител, 554 по електронска пошта, 499 по пошта, по телефонско јавување беа оформени 48 предмети, 19 преку веб-страницата, а 72 претставки се оформени по сопствена иницијатива.

Од вкупно 3.075 предмети, примени или заведени во 2021 година, Народниот правобранител почнал постапка по 2.085 претставки или 67,80 % од поднесените претставки, по 655 или 21,30 % од поднесените претставки не е почната постапка. На 62, или 2,02 % од поднезсените претставки/случаи, кои, всушност, се поставени прашања од граѓани, Народниот правобранител, по анализирањето на правната регулатива, на граѓаните писмено им одговорил, им дал правен совет, со што ги насочувал кон решавање на нивните проблеми, а со тоа и кон остварување на нивните права, а 273 или 8,88 % од предметите сè уште се наоѓаат во фаза на разгледување.

Од 655 претставки по кои не е почната постапка, за 344 претставки, или 52,52 % од претставките, Народниот правобранител заклучил дека не е надлежен да постапува.

Од 2.108 предмети по кои Народниот правобранител почнал постапка, во 755, или 35,82 % од претставките констатирана е повреда на човековите слободи и права, и било интервенирано со цел да се отстранат повредите, односно да се остварат правата на граѓаните подносители. Додека, во 1.353 или 64,89 % од претставките, по преземените мерки и дејства за испитување на наводите од претставката не е констатирана повреда на човековите слободи и права, и следствено на констатираното постапката е запрена.

Од вкупно 755 предмети, во кои Народниот правобранител утврдил повреди и ги презел сите законски дејства, во 500, или 66,23 % од случаите, органите на државната управа, другите органи и организации со јавни овластувања, ги прифатиле интервенциите на Народниот правобранител, во 232, или 30,43 % од случаите, по констатираната повреда, Народниот правобранител доставил укажување за начинот на отстранувањето на констатираната повреда до надлежниот орган, која не била прифатена, по што, во согласност со законските надлежности, презел други дејства, односно доставил информации, посебни извештаи до повисокиот орган, по што ги исцрпил сите законски можности, а за 23, или 3,05 % од случаите по кои е констатирана повреда и доставена препорака, сѐ уште се чека одговор од надлежниот орган. Народниот правобранител, во годината за којашто известува, се соочи и со претставки кои се однесуваат на семејно насилство. Поплаките се однесуваа на вршење психичко и семејно насилство врз семејството, од членови од семејството, тешки проблематични односи помеѓу сопружниците, во односот родители – деца и на други конфликти. Според претставките, како жртви на семејно насилство, во поголем случаи, се јавуваат жените, кои, исто така, се најбројни во барањето заштита пред Народниот правобранител.

- **Комисија за спречување и заштита од дискриминација (КЗСД)**

Во текот на годината што е предмет на овој извештај, КСЗД успеа да усвои повеќе документи кои се круцијални за својата работа, и тоа: Стратегискиот план на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација 2021 – 2026, документ во кој се дефинирани основните цели и насоки кои се планира да се реализираат во периодот што претстои, како и визијата, мисијата и вредностите според кои ќе се води реализацијата на активностите предвидени со овој документ.

Актуелниот состав на Комисијата се состои од шест (6) члена, од кои петмина (5) се мажи и една жена.

Од основањето, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, во 2021 година, постапува по вкупно 167 поднесени претставки. Од нив, 77 претставки биле поднесени до укинатата поранешна комисија, во периодот од 2016 година, заклучно и вклучително со 2020 година. Останатите 90 претставки се поднесени во 2021 година и се доставени до новата комисија основана со Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Заради поголема пристапност, олеснување на постапката за поднесување претставка и приближувањето кон современите ИКТ-трендови, Комисијата, во 2021 година, воспостави електронски сервис „Пријави дискриминација" кој е интегриран во рамките на официјалната веб-страница со следниот пристап: https://kszd.mk/пријави-дискриминација/

Според анализата по пол, како подносители, мажите поднеле вкупно 60 претставки (59,41 %) до КСЗД, за утврдување на дискриминација, додека жените поднеле 41 претставка, што претставува 40,59 %. Кај претставките иницирани од Македонци, 61 % од подносителите биле мажи, додека 39 % биле жени. Претставките поднесени од граѓани Албанци биле поднесени само од мажи. Кај Ромите, почести подносители на претставки биле жените.

Од поднесените 167 претставки по кои постапувала Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во 2021 година, во 84 случаи (50,30 %) подносителите пријавиле потенцијална дискриминација на една конкретно наведена основа. Во 55 случаи (32,93 %) подносителите навеле дека биле дискриминирани според две или повеќе основи истовремено. КСЗД регистрира и 28 претставки (16,77 %) во кои не била конкретно наведена основата на дискриминација. Во однос на основите на дискриминација, подносителите во своите претставки најчесто пријавувале дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус (43), потоа врз основа на национална или етничка припадност (38), врз основа на пол (23), политичко уверување (20), припадност на маргинализирана група (19), образование (17), боја на кожата (16), раса (15), сексуална ориентација, родов идентитет и социјално потекло (14), имотен статус (11) итн. Подносителите, во 20 претставки, навеле и друга дискриминаторска основа која не се споменува во член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во 28 претставки подносителите не навеле ниту една основа.

Анализата на податоците за пријавените основи на дискриминација во претставките кои биле поднесени од жените и мажите покажува дека жените најчесто пријавувале дискриминација врз основа на образование, додека мажите поради нивното политичко уверување и националната, односно етничката припадност.

## 3. Развојот на родовата еднаквост на локално ниво

На локално ниво, во согласност со ЗЕМЖМ, формирани се **комисии за еднакви можности на жените и мажите** во општинските совети и назначени се координатор(к)и за еднакви можности на жените и мажите во општинската администрација. Членовите на КЕМ во општините се избраните советници и составот се менува секои четири (4) години. Слично со состојбата на централно ниво, и во општините, координатор(к)ите се соочуваат со многубројни предизвици во однос на перципирањето на ова работно место како „женски“ домен, градењето на капацитетите и квалификациите на назначените лица, нивните овластувања и соработката со останатиот дел од општинската администрација.

Својствено за повеќето општини е тоа што надлежностите на координатор(к)ите и на заменик-координатор(к)ите за еднакви можности на жените и мажите, не се утврдени со актот за систематизација на работните места во единиците на локалната самоуправа.

Важно е да се напомене дека МТСП континуирано работи на јакнењето на капацитетите на координатор(к)ите и заменик-координатор(к)ите за еднакви можности на жените и мажите на општините, со тоа што организира обуки за родова еднаквост, недискриминација или трговија со луѓе жртви.

Повеќето општини изработуваат Годишна програма за работа.

Единиците на локална самоуправа најчесто спроведуваат програмски мерки, за разлика од охрабрувачките и позитивните мерки.

| | |
|---|---|
| **Програмски мерки** | − Кампањи за подигање на свеста за родовата еднаквост и за родовобазираното насилство;<br>− Активности за јакнење на капацитетите на жените при отпочнување и развивање сопствен бизнис. |
| **Охрабрувачки мерки** | Во повиците за граѓанските организации, се одвојуваат средства специфично за организации кои работат на проблематиката на родовата еднаквост или се користат родовосензитивни критериуми при доделувањето грантови за поддршка на граѓанските организации. |
| **Посебни мерки** | Многу малку примери − воведена политика на именување лица од помалку застапениот пол во управните и надзорните одбори, |

| | |
|---|---|
| | комисиите и работните тела кои се формираат од градоначалникот и Советот на Општината. |

Во 2021 година, од 81 општина, само 66 општини доставиле годишен извештај, и со тоа ја исполниле законската обврска во согласност со ЗЕМЖМ.

- Општина Лозово им помага на земјоделците околу комплетирањето на потребната документација за регистрирање на земјоделска фирма. Општина Лозово ја поттикнува и руралната жена да стекне средно образование.
- Општина Пробиштип ја вклучува родовата компонента во годишните програми на училиштата. Во 2021 година организирале кампања против насилството над жените и девојчињата (16 дена активизам за борба против семејното насилство).
- Во Општина Вевчани евидентно е вметнувањето на посебна ставка за еднакви можности во буџетот на Општината за 2022 година, и тоа претставува пример за други општини.
- Општина Делчево во извештајниот период организирала трибина со цел партиите да кандидираат што поголем број жени на листите за градоначалници(чки) и на листите за членови на Советот.
- Општина Македонска Каменица во областа на спортот ги финансирала женските фудбалски клубови и женските кошаркарски клубови, и со тоа придонела за развој на женскиот спорт, така што женскиот фудбалски клуб „Саса“ освоил шампионски титули и женскиот кошаркарски клуб „Баскеткам“ од Македонска Каменица биле прваци.
- Во Општина Центар – Скопје, забележано е доделувањето на награди за најдобри воспитувачки и негувателки во јавните детски градинки во Општина Центар (сите наградени биле жени).
- Општина Кисела Вода – Скопје во извештајниот период отворила нови работни места во време на пандемија за најзагрозената категорија на групи на жени: долгорочно невработени, жртви на семејно насилство и приматели на социјална помош и жени Ромки.
- Општина Берово, пак, се наоѓа во завршната фаза од изработката на тригодишниот Акциски план за родова еднаквост, за периодот од 2022 до 2024 година.
- Од Општина Кочани, со економските мерки за јакнење на жените се опфатени 33 жени во обуките за дигитален маркетинг и претприемаштво и онлајн-продажба.
- Како посебна општина може да се издвои Општина Струмица, која претставува прва општина во Република Северна Македонија која со сопствени средства отвори Шелтер-центар за згрижување и заштита на жртвите од семејно насилство во Општината. Шелтер-центарот претставува комплекс од социјални услуги за лицата жртви на семејно насилство, жени и деца, кои ќе бидат сместени од 3 до 6 месеци, ќе добијат правно советување или социјалнопсихолошка помош, кога е потребна итна интервенција, вклучително преку тимови за мобилна кризна интервенција.
- Во Општина Велес се забележува давање финансиска помош на еднородителски семејства и жртви на семејно насилство.
- Во Општина Карпош донесен е буџет на единиците на локална самоуправа со алоцирани средства за родова еднаквост, во износ од 600.000, 00 денари.
- Општина Теарце изготви Стратегија за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите за периодот од 2020 до 2024 година.
- Општина Дојран организирала дискусии и интерактивни работилници со основците на ООУ „Кочо Рацин“. Во сите подрачни училишта биле одржани дискусии за појавата на врсничко насилство (булинг).

Исто така, МТСП, со поддршка на ОН Жени (UN Women), во 2021 година, избра тројца експерти кои ќе обезбедат техничка поддршка за изработка на локални родови акциски

планови за 12 општини: Радовиш, Ресен, Виница, Василево, Берово, Валандово, Прилеп, Крушево, Бутел, Неготино, Теарце и Пробиштип.

**Предизвици:**

- **Надлежностите на координатор(к)ите и на заменик-координатор(к)ите за еднакви можности на жените и мажите не се утврдени со актот за систематизација на работните места во единиците на локалната самоуправа.**
- **Честото менување на позициите на координатор(к)и и на заменик-координатор(к)и за еднакви можности на жените и мажите, по одржувањето на локалните избори, доколку има промена на позицијата градоначалник(чка), влијае врз ефективноста на спроведувањето на процесот на родова еднаквост.**

## 4. Заклучоци и препораки

Како резултат од анализата на состојбата и поединечните предизвици во 2021 година, произлегуваат следниве генерални заклучоци во областа на родовата еднаквост:

- Прашањето за родовата еднаквост во Република Северна Македонија сè уште не е системски интегрирано на задоволително ниво во стратегиските планови, програми и буџети.
- Сè уште постои јаз помеѓу жените и мажите во сите делови на општеството.
- Постои недоволно соработка меѓу координатор(к)ите за еднакви можности на жените и мажите во комуникацијата и во координацијата што е одобрено во прибирањето податоци со останатите сектори во ОДУ и ЕЛС, и ставот по прашањето за родова еднаквост како прашање од секундарна важност.

**Врз основа на заклучоците може да се извлечат следниве препораки:**

- Усвојување на Стратегија за родова еднаквост 2022 – 2027 од Собранието на РСМ;
- Усвојување на нов Закон за родова еднаквост;
- Потребно е доуредување на Предлог-законот за буџетит во однос на РОБ;
- Унапредување на националната машинерија за родова еднаквост;
- Редовно доставување извештаи за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување еднакви можности на жените и мажите од институциите и ЕЛС во РСМ;
- Континуирано подигање на свеста за важноста на родовата еднаквост во РСМ;
- Подобрување на ефикасноста на процесот за воведување на концептот за родова еднаквост, на национално и на локално ниво во РСМ;
- Намалување на јазот меѓу жените и мажите во сите сфери на општеството;
- Потребен е континуиран и одржлив систем на обука за координатор(к)ите и за заменик-координатор(к)ите, вработените, како и за одговорните лица во институциите;
- Изработка и спроведување на детални анализи на состојбата, прашањата и проблемите, кои се однесуваат на родовата нееднаквост во различни области и подготовка на програми со мерки и активности за унапредување на состојбата;
- Сензибилизација на претставниците на ЕЛС и локалната администрација за потребите од иницирање и предлагање активности поврзани со климатските промени и нивно генерално влијание, но и во областа на родот и климатските промени;

- Утврдување на мерливи излезни (аутпут) индикатори во програмите, на централно и н локално ниво, со кои ќе се измерат постигнувањата во родовата еднаквост;
- Воспоставување на унифициран и функционален систем, со вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките, програмите и буџетските процеси на централно ниво, со можност за проширување и на локално ниво.

## Анекс-листа на ОДУ и ЕЛС кои доставиле годишни извештаи до Министерството за труд и социјална политика за 2021 година

За 2021 година, годишни извештаи доставиле следните органи на државната управа (ОДУ) и единици на локалната самоуправа (ЕЛС):

| Ред. број | општини | ОДУ |
|---|---|---|
| **1.** | Аеродром | Министерство за правда |
| **2.** | Берово | Министерство за одбрана |
| **3.** | Битола | Министерство за внатрешни работи |
| **4.** | Богданци | Министерство за надворешни работи |

| | | |
|---|---|---|
| **5.** | Боговиње | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| **6.** | Босилово | Министерство за економија |
| **7.** | Брвеница | Министерство за култура |
| **8.** | Бутел | Министерство за образование и наука |
| **9.** | Вевчани | Министерство за финансии |
| **10.** | Велес | Министерство за транспорт и врски |
| **11.** | Виница | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство |
| **12.** | Врапчиште | Министерство за информатичко општество и администрација |
| **13.** | Гази Баба | Агенција за храна и ветеринарство |
| **14.** | Гевгелија | Агенција за аудио- и аудиовизуелни медиуми |
| **15.** | Гостивар | Агенција за вработување на РС Македонија |
| **16.** | Градско | Агенција за млади и спорт |
| **17.** | Дебар | Агенција за поддршка на претприемаштвото во РС Македонија |
| **18.** | Делчево | Агенција за промоција и поддршка на туризмот |
| **19.** | Демир Капија | Агенција за катастар на недвижности |
| **20.** | Демир Хисар | Агенција за планирање на просторот |
| **21.** | Дојран | Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството |
| **22.** | Ѓорче Петров | Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер |
| **23.** | Желино | Биро за развој на образованието |
| **24.** | Зрновци | Генерален секретаријат |
| **25.** | Илинден | Геолошки завод на РС Македонија |

| | | |
|---|---|---|
| **26.** | Јегуновце | Државен завод за статистика |
| **27.** | Кавадарци | Државна комисија за спречување корупција |
| **28.** | Карпош | Државен архив на РС Македонија |
| **29.** | Кисела Вода | Дирекција за заштита и спасување |
| **30.** | Конче | Заедница на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) |
| **31.** | Кочани | Институт за јавно здравство на РС Македонија |
| **32.** | Кратово | Јавна установа Завод за социјални дејности – Скопје |
| **33.** | Кривогаштани | Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи |
| **34.** | Крушево | Секретаријат за законодавство |
| **35.** | Лозово | Центар за стручно образование и наука |
| **36.** | Македонска Каменица | Центар за управување со кризи |
| **37.** | Македонски Брод | |
| **38.** | Могила | |
| **39.** | Неготино | |
| **40.** | Новаци | |
| **41.** | Ново Село | |
| **42.** | Пехчево | |
| **43.** | Пласница | |
| **44.** | Пробиштип | |
| **45.** | Радовиш | |
| **46.** | Ранковце | |
| **47.** | Ресен | |
| **48.** | Росоман | |
| **49.** | Сарај | |
| **50.** | Свети Николе | |
| **51.** | Сопиште | |
| **52.** | Старо Нагоричане | |
| **53.** | Струга | |
| **54.** | Струмица | |
| **55.** | Теарце | |
| **56.** | Тетово | |

| | | |
|---|---|---|
| **57.** | Центар | |
| **58.** | Центар Жупа | |
| **59.** | Чаир | |
| **60.** | Чашка | |
| **61.** | Чучер Сандево | |
| **62.** | Штип | |